**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 30-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрог Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Селију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Славица Грковска, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Љупчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Благој Зашов, Тито Петковски, Владанка Авировиќ и Илинка Митрева ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон**

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе ја продолжам мојата дискусија од вчера и денес ќе се обидам да бидам пократок од неколку причини.

Една од причините е тоа што дел од мојата дискусија се совпаѓа со амандманите на колешката Весна Јаневска и подоцна можеби ќе се вклучам во дискусија по нејзините амандмани и ќе подржам еден добар дел од амандманите.

Втората причина поради која сакам да бидам пократок е поради тоа што после мојата синоќешна дискусија имаше одредена доза на нервоза кај одредени пратеници од парламентарното мнозинство и сега не би сакал уште на почетокот од оваа седница, да тргнеме со нервоза во новиот работен ден.

Како трета причина поради што моето обраќање ќе биде многу кратко е затоа што ние како СДСМ, како што рековме, за сите закони кои се однесуваат за приближување на Македонија кон Европската унија, ќе бидеме брзи и ефикасни, значи нема да ги кочиме реформите, што го докажавме тоа и во текот на вчерашниот ден, со донесување на три-четири закони.

Јас денес само кратко ќе се задржам на две работи односно ќе кажам нешто околу тоа што ми создава дилема за одредени возила кои се вклучени во сообраќајот. Се однесува за велосипеди со помошен мотор кои според овој Закон треба да бидат под 50 кубика, а максимална дозволена брзина 45 километри на час и моторциклите кои се над 50 кубика и дозволена максимална брзина под 50 километри на час. Тоа кај мене создава одредена дилема, особено за оние велосипеди со помошен мотор што се возила кои до сега се возеа со потврда, а од сега, со овој нов Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, ќе се возат со ново воведена катетегоија така наречена М-категорија.

Ние не можме да одиме против стандардите кои се пропишани за овие возила, дека се помалку од 50 кубика и немаат поголема брзина од 45 километри на час. Но, сепак кај мене се создава една дилема затоа што верувам и убеден сум, а и вие тоа го знаете дека голем дел од овие моторцикли, или како популарно меѓу народот се викаат скутери и веспи, сите можат да достигнуваат брзина над 50 километри на час, до 80 километри на час. Но тоа се стандардите европски и ние се прилогодуваме на овие закони и не можеме да ги измениме, но сепак можеме да направиме нешто друго околу овие, за мене, проблематични велосипеди со помошен мотор, или скутери, а ако тие си имаат свои стандарди тука, како што реков не можеме ништо да направиме. Но, овде се појавува еден друг проблем, еве јас општо ќе зборувам, имено сите вие во своите населени места гледате дека по нашите улици се возат токму овие скутери и ги возат исклулучиво малолетни деца, од 10 до 18 години.

Со постоечкиот закон досегашните потврди можеше да ги добие лице со наполнети 18 години, каков што е и условот за добивање на возачка дозвола од Д-категорија и од А-категорија за моторцикли. Значи, тоа се лица или учесници во сообраќајот кои имаат не полни 18 години. Значи, тука ќе сугерирам и се надевам дека, бидејќи помошникот министер за внатрешни работи Весна Доревска на седница на Комисија има кажано дека овој Закон, како што рече вчера и колешката пратеничка Весна Јаневска дека овој Закон целосно ќе биде доработен и даден со сите европски стандарди и регулативи, во мај месец. Значи тоа што до сега го реков и понатаму што ќе го дискутирам, ќе се обидам во мај месец амандмански да интервенирам, затоа што сега, како што реков синоќа немав многу време за амандмани, бидејќи имав само еден дена на располаѓање.

Значи, се однесува на лица кои со овјо Закон треба да имаат М-категорија. Но, лицата кои треба да ја поседуваат оваа категорија, според постоечкиот Закон со кој до сега се добиваше потврда за овие возила, пак треба да имаат наполнето 18 години. Мое размислување е дека кога овие лица 90% се под 18 години, учесници во сообраќајот, оваа граница за добивање на М-дозвола треба оваа граница да биде некаде околу полни 16 години, па сепак овие лица иако

се малолетни, со некоја обука, со посетување на курсеви, и секако со правилно и законско издавање на оваа М-категорија, сепак ќе бидат обучени за возење или за вклучување во сообраќајот на нашите патишта. Тоа е околу лицата кои се учесници со овие возила во сообраќајот.

Друго што сакам да кажам, исто така тоа е препорака до Министерството за внатрешни работи, да обрне поголемо внимание на овие учесници во сообраќајот, со своите мотори или скутери, бидејќи доаѓа до несакани последици, затоа што тие лица се, слободно можам да кажам од 10 години па натаму, лица кои имаат поголема храброст на патиштата, или сакаат да се покажат пред своите другари.

Понатаму, знам дека со постоечкиот Закон треба задолжително да се носат заштитни кациги, но од тоа што јас можам да видам барем во Струмица, 99% од учесниците во сообраќајот со овие моторни возила, никој не го почитува овој Закон за носење на кациги, а сите несакани последици од овие возила доаѓаат токму поради повреди на главата. Значи тука Министерството за внатрешни работи треба да биде поажурно и поагилно за да не доаѓа до одредени несакани последици.

И на крајот би сакал да кажам неколку збора околу казнените одредби, во глава 11 кои се пропишани во членовите 398, 399, 400, 401, 402, 403 и 404, особено во првите три члена 398, 399 и 400, казните, од минималната до максималната граница, според мене се многу големи, 4 до 5 пати поголеми од минималната. Затоа јас имам едно размислување дека толку големи разлики од минималната до максималната граница за одреден прекршок од овој Закон, не треба да биде толку голем прекршок, затоа што сите знаме дека сите ние можеме да ургираме, дали за себе, за свој роднина или комшија, оваа казна да биде токму минималната, не да биде некоја средна или највисоката казна. Затоа мое убедување е дека овие казни не треба да бидат дупло повеќе од минималната казна, затоа што јас и не верувам некој во Македонија да има платено максимална казна по било кој прекршок.

Имам и некои други видувања по овој Закон, и ќе се обидам, како што кажа Весна Доревска, помошникот министер за внатрешни работи во мај месец ќе се доформи, или ќе се хармонизира овој закон со европските стандарди и регулативи, ќе интервенирам амандмански. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Пред да пристапиме кон гласање, би ги замолил службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата, а и ако може бројот на пратеници кои се потпишани.

Бидејќи службите ме известија дека само 52 пратеници се потпишани на списокот, објавувам пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи во 11,50 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Потпретседателот Иван Анастасовски повеќе пати ги повикуваше пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, а службите го утврдуваа бројот на присутни пратеници во салата)

Во салата се присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме за заклучокот.

(Двајца пратеници излегуваат од салата)

Би ги замолил службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, плус двајцата пратеници кои беа присутни во салата во моментот на гласање.

Бидејќи во салата во моментот на гласање имаше 62 пратеника, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 51 пратеник, 51 пратеник гласал за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во моментот на гласањето во салата имаше 62 пратеника, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 57 пратеници, од кои 55 за, двајца воздржано и против нема.

Констатирам дека усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 21 за менување на новиот член 317-а и за додавање нов член 29-а по членот 29, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1, за додавање нов член 2-а по членот 2 и за додавање нов член 4-а по членот 4, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани на пратеникот Весна Јаневска се приклучи како предлагач пратеникот Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

По повод амандманот и воопшто овој закон, пред да пристапам на образложување на амандманот, ќе ми дозволите два-три збора коментар. Пратениците кога си ја вршат одговорно својата работа и кога поднесуваат законски решенија или амандмани на понудени законски решенија, ниту работат за ниту работат против Владата. Но, мнозинството е тука за да овозможи работа на Парламентот. Се разбира дека и работата на опозицијата подеднакво ја ценам, значи кажувам свој личен став, но мислам дека е несериозно ако некој се потрудил сериозно да си ја заврши работата, други да се однесуваат лежерно и неодговорно и да не водат сметка за работата во Собранието. Значи позицијата и поддржувачите во принцип треба да се негуваат, а не во нив да се гледаат непријатели. Затоа сметам дека и работата на опозицијата е малку да ги испочитува тие што работат без оглед дали се позиција на коалиција, поддржувачи или опозиција. Ако некој имал доблест да поднесе амандмани, би било сосема коректно да се испочитува и на тоа да се обрне некакво внимание.

Во корист на времето, имав намера да ја скратам максимално мојата дискусија и дискусијата на членовите на ВМРО-Народна партија по овој закон, но со оглед на тоа дека премногу време потрошивме за подобрување на законската регулатива на овој закон и бидејќи не работиме ни за Владата ни против Владата, туку работиме за доброто на граѓаните на Република Македонија, си го земам правото и јас како предлагач и сите останати денес да ви го потрошиме денот речиси цел со оваа амандманска расправа, а вие потпретседателе ќе бидете должни за гласање на секој амандман да обезбедите кворум и воопшто не ме интересира дали тоа ќе биде од позиција или опозиција.

Сега по повод амандманот, наш предлог е членот 1 да се промени и со него да не се уредуваат правилата на сообраќајот на патиштата и системот на сообраќајните знаци, должностите и т.н., туку со овој закон да се утврдат темелните начела на меѓусебните односи и однесување на учесниците и другите субјекти во патниот сообраќај и основните обврски кои мора да ги задоволуваат патиштата за безбедност на сообраќајот, системот на сообраќајните знаци и знаци што ги даваат овластените службени лица, должности во овој случај на сообраќајна незгода, услови за стекнување право на управување со возило, оспособување на кандидати за возачи и полагање испит за возачи, вршење технички преглед на возила, влечење на возила, уредите и опремата што мораат да ги имаат возилата, димензиите, вкупната маса и основното оптоварување на возилата и т.н., односно се она што е предмет на обработка на овој закон, а го нема во членот 1, кој всушност треба да определи што всушност регулира овој закон.

Како образложение на овој член кој се однесува всушност на целиот закон ќе ми дозволите малку поопширно да елаборирам за што се работи, со оглед на тоа што вчера не добив одговор конкретно дали и што се планира со овој застарен закон, кој треба да претрпи темелни промени, суштински промени, освен она што госпоѓата Весна Доревска го кажа на Комисијата, тоа го сметам за релевантно, но не е потврдено со писмена изјава на администрацијата од Министерството и во тој случај ние сме принудени како политичка партија, која сериозно пристапи кон измените на овој закон, да го направиме она што во моментот ќе го направиме.

Значењето и улогата на сообраќајот во процесот на општествената репродукција е сосема јасно дефиниран, врз основа на определени односи во стопанството може да се определи местото на сообраќајот како самостојна стопанска дејност во вкупното општествено производство. Значи, тоа е еден нов пристап на гледање на овој закон. Разгледувањето на сообраќајот како фактор на економска ефикасност бара целосен пристап, бидејќи само врз таа основа може правилно да се оцени придонесот на сообраќајот во ефикасното стопанисување. Сообраќајот се третира како сложен економски, техничко-технолошки и организационен систем и истовремено како потсистем на општеството и стопанството. Поради тоа, ефикасноста на сообраќајот може да се анализира и како внатрешен и како надворешен фактор.

Поаѓајќи од тоа дека сообраќајот претставува општ услов за развој на секое општество и стопанство, неговата ефикасност нема само економско значење, туку напротив, таа има пошироко општествено значење, меѓу другото и безбедносно значење. Во современата надворешно трговска размена како значаен фактор ко влијае на висината на купопродажната цена на стоки се и сообраќајните трошоци. Според тоа, од висината на сообраќајните трошоци во значителна мерка зависи која стока и од кои земји ќе се увезува, можностите за пласирање на стоките во извозот, како и дали трети земји ќе го користат транспортниот пат на некоја држава.

Сообраќајот, благодарение на своите особености, има големо економско значење во животот на секое општество. Со сообраќајот се овозможуваат потесни контакти меѓу луѓето од различни земји и континенти. Со размена на мислења, многу економски, културни, социјални, општествени придобивки станале своина на целото човештво, а не на одделни земји со помош на сообраќајот. Сообраќајот ги доближува земјите и континентите, влијае на проширување на знаењето, овозможува меѓусебно запознавање на народите. Се разбира, основна улога на сообраќајот е задоволување на луѓето

со нивните основни потреби, како и со производите и техничките услови кои тие ги очекуваат од современиот развиток. Тој ги проширил пазарите за набавка и продажба на суровини и репроматеријали, како и готовите производи во меѓународната размена.

Токму од овие причини, ние направивме промена во членот 1 кој ги дефинира одредбите кои важат во овој закон.

Секоја земја како економска единка со разни гранки на производство и економски цели го развива сообраќајниот систем во насока на максимално користење на своите производни и економски потенцијали. Со други зборови, секоја земја има своја сообраќајна политика која се состои во прилагодување на сообраќајот за своите економски цели...

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам, за тишина. Продолжете.

**Весна Јанеска:** Така што, сообраќајниот систем овозможува економски развиток и поврзување со различните подрачја на земјата со надворешните сообраќајни мрежи. Сообраќајот денес, без сомнение доаѓа во редот на најважните општествени дејности, бидејќи без него не може да се замисли размената на добра, превоз на лица, пренос на информации, циркулација на пари, хартии од вредност и друго. Тоа е многу значајно, иако некои пратеници очигледно не мислат така и не сметаат дека е достојно ова што го кажувам да го слушнат. Значи, зборувам за пренос на информации, циркулација на пари, хартии од вредност и друго, без што едно општество и не може да постои.

Затоа, најважните човечки активности непосредно се врзани со сообраќајот. Поради тоа, сообраќајот можеме да го разгледуваме од различни гледишта, како на пример од гледиште на економија, политика, право, меѓународни односи, техника и друго.

Сообраќајот со својата функција може да го забрза развојот на стопанството, но може исто така да го успори она што е актуелно во моментот во Република Македонија т.е. а подобрување на економската состојба во државата. Иако, стопанството и сообраќајот се неадекватноо развиени, ваква улога сообраќајот може да добие, доколку тој повеќе пати се јавува и како учесник во процесот на репродукција, бидејќи тој е врска во сите фази на процесот на репродукција и тоа од превозот на примарните суровини и руди во првата фаза на производство, се до превозот на готовите производи за широка потрошувачка. Сите тие процеси од производството до потрошувачката преку прометот сообраќајот ги поврзува во единственс процес на општествена репродукција. Бидејќи, тамата за развој на стопанството и подобрување на економијата е многу активна во оваа земја, сметам дека поради тоа и сериозно треба да се пристапи кон разгледување на овој закон и одредување на темелните одредби, што ќе регулира овој закон.

Современиот сообраќај како стопанска област, не само што е значителен по финансиските резултати и учесник на националните доходи во современите држави, напротив современиот сообраќај во целина претставува врска меѓу соровинската база и другите стопански гранќи. Покрај тоа, современиот сообраќај во извесна смисла на зборот го довршува производниот процес,со тоа што производните стоки им ги прави достапни на потрошувачите односно на крајните корисници како во земјата, така и во странство. Сообраќајот како битен фактор на меѓународно поврзување на разделени просторни елементи и негово делување се јавува во најразлични фази и во различни форми. Значи, од дома се префрла надвор. Меѓутоа, факт е дека сообраќајната дејност е врзана со совладување на просторни далечини со цел за развој на опшеството, па поради тоа постојано се зголемува сообраќајната дејност, како во апсолутна, така и во релативна смисла. Но, сообраќајот во досегашните теории не беше доволно и целосно разгледуван, особено не со старото законско решение, кое ние денес би требало да го промениме, ниту потполно биле согледани сите компоненти на неговото влијание и меѓузависниот и меѓузависноста помеѓу стопанството и сообраќајот. Неоспорно е дека нивото на развиеност на сообраќајот и сообраќајниот систем во една земја е функција и резултат на општиот стопански развој, а од друга страна е битно што тој делува како еден од основните фактори за стопанскиот и општествениот развој на некоја земја. Значи, сообраќајот делува како значаен фактор врз развојот на општествената поделба на туродт за изградба и модернизација на сообраќајниот систем и придонесува во развојот на нови индустриски гранки. Сообраќајот врши големо влијание на макролокацијата на производните сили, но не е помало неговото значење во политиката на микролокацијата на производните претпријатија. Така на пример, при донесување на одлука за избор на локација на едно производно претпријатие, покрај тоа што мора да се води сметка за многу фактори, како на пример, извор на суровини, енергија, снабдување, пазар, заштита на човекова средина и слично, има и многу други фактори, мора посебно да се води сметка за сообраќајните можности и изградената сообраќајна мрежа, транспортните капацитети, висината на транспортните трошоци и слично.

Затоа, ВМРО Народна партија во врска со овој амандман по овој член предлага негова измена и модификација, со тоа што во одредбата ќе биде внесено: “Со овој закон се утврдуваат темелните начела на меѓусебните односи и однесувања на учесниците и другите субјекти во патниот сообраќај и основните обврски кои мора да ги задоволуваат патиштата за безбедност на сообраќајот, знаци што ги даваат овластените службени лица и влечење на возила. Бидејќи, станува збор за темелна промена за тоа на што треба да се однесува овој закон, би ги замолила

пратениците и оние кои одговорно се однесуваат и оние кои неоговорно се однесуваат, без оглед на тоа што Владата немала слух за ваквата промена на начелните постулати на овој закон, сепак да гласаат по совест и да го изгласаат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Божиновска Валентина.

**Валентина Божиновска:** Ако добро се слушна образложението од ВМРО Народна партија, станува збор за терминолошка детерминација во образложувањето на членот 1, исклучено е затоа што сметам дека и во делот на патниот сообраќај ние се детрминираме според евроспките принципи, но особено е значајно во овој миг, бидејќи соседна Бугарија е веќе влезена во Европа, па ќе значи дека ваквото образложение ќе придонесе за подобра законска норматива во иднина. Дозволете, во оној клучниот дел за кој велиме дека сообраќајот ваков каков што е сега не е влезен во нормативниот дел на живеењето на стопанството и на економијата, еве еден сосема обичен пример, градење на одреден пат, скратување на патот за Охрид преку Македонски Брод или преку Гевгелија, би значело навистина на директните странски инвеститори подобар влез за странските инвестиции, побрзо пренабрегнување на пречките кои ги имаат за влезот или за побрзата дестинација итн. Во секој случај ова образложение влегува и во тој дел на она што значи основа на оваа Влада, а тоа е брзата инвестициона политика и реформите. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи, во салата се присутни 62 пратеници, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 12, воздржани нема, 48 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2 - а, по членот 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска, под архивски број 07-366/8.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи. Повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Јанеска Весна.

**Весна Јанеска:** Ќе се обидам да бидам пократка, но толку колку што е неопходно да објаснам за што станува збор.

Основниот член е “возач на моторно возило за време на управување со возилото, не смее да користи мобилен телефон”. Тоа е по старата законска регулатива. Ние предлагаме додавање на нов став, првиот го задржуваме со мала измена, што значи: “Возач на моторно возило за време на управувањето со возило, не смее да користи мобилен телефон, ниту други уреди со кои би ја намалил можноста за реагирање и сигурно управување со моторното возило”.

Став 2: “Мобилен телефон може да се користи за време на возењето, се употребува направа која овозможува негово користење без упореба односно зафатеност на рацете”. Во образложението велиме дека светските искуства, како и статистичките податоци говорат дека користењето на мобилните телефони од страна на возачите за време на управувањето со возилото, е непосредна причина за голем број на сообраќајни незгоди и тоа е веќе потврдено и во светската литература. Во таа насока со цел преземање соодветни мерки за анулирање на таквата појава се се почести, односно масовна појава во сообраќајот на Република Македонија, водејќи сметка и за компаративните решенија содржани во Европските закони, истакната е потребата да се пристапи кон забрана на користење на мобилните телефони од страна на возачот за време на управување со возилото”. За илустрација, вакви одредби има во Законот за безбедност за патниот сообраќај на Република Словенија, во германскиот сообраќаен кодекс и други. Одтука тргнавме ние како предлагачи, кои нешто помалку од пред три години, се извинувам одтука тргнаа предлагачите кои нешто помалку од пред три години со Предлог закон извршија дополнување на базичниот закон со наведената одредба, значи забрана на употреба на мобилен телефон, со која што се прошири наведената забрана на возачите на моторните возила, да не може да ги користат мобилните телефони, додека управуваат со возилата. Но, во модерните европски земји и некои други, се појавува еден нов тренд. Се вели дека мобилниот телефон претставува најдобар совозач, од веќе сосема разбирливи причини кои се неопходни во модерниот свет, бизнис, светот и политиката. Со мобилниот телефон може да се плаќа паркирање, да се заштити автомобилот од кражба, да се ограничи брзината на движење или пак да се лоцира најблиската бензиска станица. Значи, станува збор за употреба на мобилен телефон за овие потреби, се разбира, не за разговор за време на движење во сообраќајот. Со мобилниот телефон, со навремено повикување на итна помош, може да се спаси нечиј живот односно да се спречи поголема трагедија. Доколку дојде до откажување, дефект на возилото, многу е лесно и покомотно преку мобилен телефон да се повика помош, отколку

да се пешачи или да се чека некој да наиде за да ја пружи таа помош.

Со развојот на технологијата се развил и мобилен портел, кој на едно место нуди различни информации, забавни содржини, но и услуги, а претставува и влезна врата во светот на мобилниот интернет во кој може да се дојде до секаква информација. За возачите најважна е состојбата на патиштата, така наречен градски водич. Првата категорија ги дава најважните информации за условите на патиштата, а втората категорија може да биде посебно корисна кога се пристигнува во непознат град или може да се доијат информации за угостителски услуги, што е помалку важно, за банки, бизнис секторот и друго што е поважно. Со мобилен телефон во земјите членки на Европска унија може да се плати паркирање. Одкако ќе се внесе пораката, во рок од две минути се добива повратна СМС порака како потврда за плаќањето, а сумата се одбива од претплатничкиот број или пост-пејт итн., да не објаснувам на тие кои се заинтересирани ова им е познато. Мобилниот телефон, исто така, наоѓа примена и во системот за следење, алармните сигнали, системи против крадење на возилата. Преку ГМС мрежата може да се повика сопственикот на мобилнот телефон и во рок од 5 до 7 секунди, отткако провалникот ќе влезе во автомобилот, ќе го стартува моторот. Значи, доколку возилото е паркирано на одредено место, а сопственикот излегол на минута или две, може да се случи кражба, а со мобилен телефон може да се реагира и на тоа. Или, доколку сопственикот вози еден автомобил, а во другиот му се случува кражба, преку мобилниот телефон кој се наоѓа во моментот во автомобилот кој се вози, исто така, би можело да се добие корисна инфорамција. Карба уредот се инсталира во визилото на место каде што може лесно да се забележи. Доколку дојде до кражба на автомобилот, се вклучува компјутерот или се вклучува уредот споен на ТВ приемник. На екранот се појавува географска карта со локација и насока на движење на возилото.

Многу интересна улога на мобилниот телефон за ограничување на брзината на движењето на возилата, доколку не сакате вие или некој на кого сте му го дале вашиот автомобил да соборува брзински рекорди, едноставно со испраќање на СМС порака со соодветна содржина со компјутерската управувачка единица во автомобилот и ограничување на брзината, е активирано. Факт е дека мобилниот телефон е во функција на возачот и одамна поминаа времињата кога за забава во автомобилот беше доволно да се има само еден касетофон и радио приемник, за кој голем успех беше ако добро ги фаќа локалните радио станици. Сега, се разбира, не зборувам за младите момчиња и девојжиња кои сакаат да се забавуваат навечер, туку за оние возачи на шлепери кои деноноќно возат и на кои ваквите урди им помагаат да ја зачуваат будноста и да ја зачуваат својата способност за возење по тешките патишта или долгите патишта на кои се наоѓаат. Се поретки се мобилните телефони што содржат камера МР3, аудио плеери, видео игри, снимање и емитувања, видео записи од одредени апликации и слично. Групата на тн., паметни односно напредни телефони оди уште понатаму и вклучува се повеќе можности, својствени за компјутери. Компјутеризирањето преку електронска пошта, складирањето на лични податоци, опфаќање на разни описи, апликации и слично, значително ги зголемуваат можностите и примената на овие телефони. Според тоа, сметаме дека застарената забрана може да се преименува повторно во забрана, но соодветна за модерните текови. Тоа значи дека мобилен телефон може да се користи за време на возење ако се употребува направа која овозможува негово користење, без употреба и зафатеност на рацете, што всушност и се прави во одреден број западно-европски земји.

Ви благодарам и се надевам дека пратениците ќе го изгласаат овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 13, еден се воздржал од гласање, 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а, по членот 2, поднесен од пратениците Весна Јанеска и Валентина Божиновска, под аривски број 07-366/5.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Јанеска Весна, повелете.

**Весна Јанеска:** Член 24 се менува и гласи:

“Возач што има намера на пат или на друга сообраќајна површина да изврши некое дејствие со возило, поместување на возилото во десно или во лево, менување на сообраќајната лента, престигнување, обиколување, завртување, свртување во десно или на лево, полукружно свртување, возење наназад и слично, не смее да започне такво дејствие ако со тоа ги доведува во опасност другите учесници во сообраќајот или има апликации по имотот”. Според сегашното законско решение возачот има. . .

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, под архивски број 5 вие говорите за амандманот под број 6.

**Весна Јанеска:** Се извинувам и простете.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, да се вратите на амандманот под број 5.

**Весна Јаневска:** Се извинувам, добро. Настана грешка. Возач кој со возило се вклучува во сообраќај, на пат или на друга сообраќајна површина, при излегување на возило од гаража, двор, паркиралиште, стојалиште на површината на која не се одвива сообраќај, или на возила или други слични површини, должен е да ги пропушти сите возила и пешаци кои се движат по патот, односно по сообраќајната површина во која се вклучува.

Разликата е значи во зборот "должен е". Со овој амандман, технички амандман, се дава поголема обврска која што се наоѓа во претходниот закон и со овој амандман се одредува начинот на вклучување во сообраќај на пат, како што се излегување на возило од гаража, двор, паркиралиште, стојалиште од површината на која не се одвива сообраќај на возила, што е многу значајно за безбедноста во сообраќајот со тоа што возилото од мирување се става во движење, а статистичките податоци кажуваат дека токму во вакви случаи настануваат бројни сообраќајни незгоди.

Амандманот е технички, го подобрува текстот на законот. Значи не е само технички тој е суштински, затоа што дава една облигативна обврска во однос на претходното законско решение и мене навистина не ми е јасно зошто овој амандман не се прифаќа. Се надевам дека пратениците ќе имаат разбирање и ќе го изгласаат. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе. Мислам дека овој амандман требаше да биде прифатен од Владата, бидејќи свесни сме и како поединци во сообраќајот дека на судските рочишта токму од вакви недефинирани регулативи, а кои укажуваат сериозен императив, што кажа госпоѓа Весна облигационо право.

Во судските разрешници зборот "треба" може да значи "не мора". Меѓутоа, во зборот "должен", значи дека мора. Мислам дека навистина овој збор, со ова образложение ќе го подобри, освен ако Владата нема некој друг подзаконски акт, со кој или ќе направи некој дополнителен подзаконски акт, со кој ќе го подобри законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Бидејќи нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги млам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 61 пратеник.

Гласањето е валидно.

Вкупно гласале 59, за гласале 12, нема воздржани, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска под архивски број 07-366/7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа пратеник Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Значи се извинувам, тој е оној амандман за кој почнавме да зборуваме. Возач што има намера на пат или на друга сообраќајна површина да изврши некое дејствие со возилото, поместување на возилото во десно или во лево, менување сообраќајна лента, престигнување, обиколување, запирање, свртување во десно или во лево, полукружно свртување и одење наназад, не смее да започне такво дејствие, ако со тоа ги доведува во опасност другите учесници во сообраќајот или по имотот. Вака срочената одредба во членот 24 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, дава широко размислување за конкретни дејствија што ги прави возачот со возилото во сообраќај на пат или на други сообраќајни површини, паркинг простор, паркиралиште, стојалиште од површината на која не се одвива сообраќај и други слични површини, при што потребно е прецизно подобрување на текстот на членот и негова модификација до усогласување и хармонизација со стандардите на Европската унија. Знчи, овде строго треба да биде дефинирано дека погоре наведените дејствија со возило возачот изричито не смее да започне да ги врши, или да започне поактивно со такво дејствие, ако со тоа ги доведува во опасност другите учесници во сообраќајот, или има импликации по нивниот имот.

Пред започнувањето со било кое дејствие, наведено во став 1 на овој член, возачот е доклжен да се увери дека тоа може да го направи без опасност на другите учесници во сообраќајот или по имотот, водејќи при тоа сметка за положбата на правецот на возилото и неговата брзина. Во досегашната прака, кај лица кои се тесно профелирани во работењето во областа на патен сообраќај, контрола и негова регулација дава за право за строго дефинирање на поимите дејствие, што ги прават возачите со возило во сообраќај и вклучување со возило во сообраќај. Поимот дејствие што ги прават возачите во сообраќај, поместување на возилата десно или лево, менување на сообраќајната лента, престигнување, обиколување, запирање, свртување на десно или на лево, полукружно

свртување, возење наназад и слично, пред се претставуваат дејствија кои што возачот ги прави во претходна динамика, односно во фаза на започнато движење со возилото во сообраќај на пат или на друга сообраќајна површина.

Возач кој што има желба на патот да изврши дејствие, работа на поместување, избгнување, или промена на сообраќајната лента, ваков маневар со возилото смее да изврши, само доколку е убеден дека поради истиот нема да ги доведе во опасност останатите учесници во сообраќајот, до колку не е забранета ваквата работа на дел од патот по кој се движи возилото и ако брзината на движење на восилото возачот ја прилагодил на состојбата на патот и сообраќајот.

Ова е нешто што се подразбира. Бидејќи се уредува со закон , сметам дека треба да бидеме децидни токму во правец на усогласување, или хармонизација на европското законодавство.Остро маневрирање при скршнување и возење на возило со неприлагодена брзина. можеби има за последица слизнување, превртување, налетување на друго возило и сл. Уфрлување во друга лента со голема брзина на кратко растојание позади возило кое следи, можеби има за последица налетување, па поради тоа промена на сообраќајната лента треба да се одбере вистинскиот момент да се прилагоди брзината и со безбедносно растојание да се влезе во лентата, а притоа да нема интензивно запирање и пореметување на сообраќајниот тек на колоната на возила кои се движат по таа лента.

При промена на сообраќајната лента, неправилно уфрлување со куси растојанија пред возилата кои веќе се движат по таа лента, тогш истото го присилува на сопирање, или поместување поради избегнување на незгода. При изведување на овие дејствија возачот мора да води сметка за тоа правецот и брзината на движење да ги прилагоди кон сообраќајната ситуација, а возилото да го води во таква положба со која нема да ги загрози останатите учесници во сообраќајот.

Значи, ова не смее да се остави на совеста на оние кои се вклучени во сообраѓаен, Мора законски да се реагира и тоа облигативно со зборот “мора”.

Промената на сообраќајната лента најчесто се врши поради престојување на возило во зона на крстосница поради скршнување од голема важност за безбедното изведување на скршнувањето на возилото по соодветната сообраќајна лента со определен правец на движење, претставува благовремено престројување на возилото.

Токму од овие причини ВМРО-Народна партија во врска со амандманот од овој член предлага негова измена и модификација, со што возач на моторно возило за време на управување со возилото, јасно ќе се направи правилна дистинкција помеѓу дејствија што ги прават возачите со возило во сооград̀ај и вклучување со возило во сообраќај со прецизно и правилно подобрување на текстот во членот на ова одредба. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Бидејќи сега имаме доволен број на пратеници амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеника. Гласањето е валидно.

Вкупно гласале 57 пратеника, за гласале 9, нема воздржани, 48 гласале против.

Конастатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска под архивски број 07-366/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа пратеник Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Измената во текстот која ја предлагаме гласи вака: “Возач не смее да го менува начинот на управување со возило со нагло намалување, или зголемување на брзината или да го стартува возилото, постигнувајќи при тоа горна граница над дозволениот број обртаи на моторот и на таков начин да дојде до излегување на погонските тркала, освен во случај на непосредна опасност пролизгување”.

Возачот што е со намера позначително да ја намали брзината на движење на возилото е должен тоа да го стори, освен во случаи на непосредна опасност, на начин со кој нема да ги загрози или во поголема мерка да ги попречува другите возачи што се движат зад него, како и да ги предупреди тие возачи за својата намера со вклучување на стоп светлото, или со давање на соодветен знак со раката, ако се работи за трактор, велосипед, или други такви средства.

Концепцијата за безбедно возење е вози мудро и научи да уживаш во возењето. За навистина да се ужива во возењето, претпоставка е да се вози паметно и сигурно. Возачот активно набљудува, анализира и го планира возењето, го проценува патот и условите на патот и сообраќајот на него, оценува каква намера имаат другите возачи и пешаци, мери што би можел да стори и во

зависност од тоа одлучува за најдобрата можност за своето реагирање и постапка во конкретна ситуација.

Возачот не реагира на слепо, биз оглед на тежината на ситуацијата околу него. Тој мора постојано да биде буден да ги процесуира во главата големиот број важни информации за возењето, иако многу од нив му го свртуваат вниманието. Ако возачот само еднаш на кратко ја изгуби концентрацијата на возењето, се доведува во различна ситуација и ја провоцира незгодата која можеби тогаш нема да се случи, но само заради некој поволен сплет на околности, инаку секако дека ќе се случи.

Возењето не доаѓа по природен пат само по себе, не се раѓаме со талент. Тоа мора да се научи.

Возач кој не размислува и кој не е совесен во возењето е опасен возач. Таквиот возач го менува начинот на управување со возилото со нагло намалување на брзината на движење или забрзување, но овде станува збор за намалување на брзината на движење и знае често пати да биде пречка на коловозот, да ги иритира другите учесници во сообраќајот и да ја загрозува нивната безбедност. Таквиот возач најчесто без некоја посебна потреба, или пак некоја посебна ситуација знае да ја зголеми брзината и да го стартува возилото од место постигнувајќи притоа горна граница над дозволениот број на обртај на моторот, или на таков начин да дојде до фролискување на погонските тркала и притоа оставајќи траги од гумите на коловозот и по неколку метра, со што видно скренува внимание кон себе, а притоа несвесно ја загрозува безбедноста на другите учесници во сообраќајот и го нарушува спокојството на граѓаните.

Токму ова беше поентата заради која ние ја бараме измената во овој член од законот.

Кон оваа категорија на учесници во сообраќајот отстапуваат од нормалниот режим на управувањето со моторно возило припадниците на сообраќајната полиција поради немање адекватна одредба во законот не се во можност да изречат и адекватна санкција, што е апсолутно неопходно.

Токму поради тоа ВМРО Народна партија во врска со амандманот по овој член предлага негово дополнување и имплементација во законот заради зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, како и дисциплинирање на оваа категорија учесници во сообраќајот со можност на изрекување на адекватна санкција. Инаку, во овој момент не е можно тоа да се направи токму заради текстот во овој член од Законот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставиме амандманот на гласање ги замолувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласањето.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 62 пратеници, што значи дека гласањето е валидно.

Вкупно гласале 56 пратеници. За гласале 10 пратеници, 1 се воздржал од гласање и 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-А по членот 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска под архивски број 07-366/10.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Предлог измената за да и на пратениците и на јавноста им биде сосема јасно гласи: “на патот во населба возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од 60 км на час односно со брзина поголема од брзината дозволена со поставениот сообраќаен знак за целата населба или за нејзиниот дел.

По исклучок од одредбата на став 1 на овој член, на пат во населба се и сообраќајно технички елементи кои тоа го овозможуваат, на пример висечки, подземни и надземни премини;

- Управување на раскрсници;

- Со уредба давање светлости и сообраќајни знаци и видео надзор со камери и слично може со сообраќаен знак да се дозволи движење на возилата и со брзина поголема од 60 км на час, но не поголема од 80 км на час.

На пат надвор од населба возачот не смее со возилото да се движи со брзина поголема од 120 км на час на автопат, 100 км на час на пат резервиран за сообраќај на моторни возила, 80 км на час на другите патишта.

На пат надвор од населба возачот не смее со возило да се движи со брзина поголема од брзината определена со сообраќајниот знак поставен на пат”.

Значи, крајно време е да се започне со поставување на камери на сите фрекфентни крстосници во потесните централни градски подрачја во поголемите градови во Република Македонија. На овој начин директно ќе се набљудуваат сообраќајните текови, безбедноста на улиците и однесувањето на возачите.

Инвестиционо техничките активности што полека, но сигурно ќе започнат да се случуваат со изградба на подземни и надземни премини за пешаци, како и денивелација на поголемиот број на френкфентни крстосници ќе ја овозможи движење и во градски услови по така наречени брзи магистрални улици со брзина поголема од 60 км на час, но не поголема од 80 км на час, како што има во сите поголеми европски градови.

Вакви брзини индиректно го налага рапидниот раст на индустријата и вградување во возилата високо суфисцитирани безбедносни системи кои на возачот му гарантираат поголема безбедност и во урбаните градски средини. Поради тоа ВМРО Народна партија во врска со амандманот по овој член предлага негово дополнување и имплементација во законот заради зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата. Одговорно тврдам дека бидејќи користевме бројна литература и од интернет и од закони од Европската унија овој член, оваа законска регулатива апсолутно е хармонизирана и усогласена со европските стандарди и навистина не ми е јасно зошто Владата го одбива барем овој амандман, ако не и другите.

Јас се надевам бидејќи пратениците тврдат дека работат за евроинтеграцијата на оваа земја барем за овој амандман ќе имаат доблест да гласаат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор претникот госпоѓа Валентина Божиновска. Повелете.

**Валентина Божиновска:** Само да дополнам дека е од исклучително значење овој амандман од едноставна причина бидејќи ние сме веќе во европски гигантски размери во Скопје, во Македонија подложни. Имено, во населените места, во населените населби каде што имаме детски градинки, училишта итн, верувајте дека така наречените лежечки полицајци кои се поставени не помагаат. Значи, апсолутно се потребни во тој дел, особено во делот каде што учат децата, каде што се градинките не да бидат само камерите и забележите една работа. Не само што ја немаме определено брзината, ние немаме никаде знак во оној дел на свиок, каде што влегуваме во градинките, каде што влегуваме во училиштата итн. Нас лежечкиот полицаец ни укажува миговно да ја намалиме брзината, камери нема, но не укажува на тоа за каква брзина станува збор. Секојдневно ни се случуваат, еве да потсетам дека и денеска имаме еден несреќен случај во Битола, пред некој ден во Ѓорче Петров. На населено место, во населба, на обична улица каде што има населено 20 куќи момче со неверојатна брзина влегува и во тој миг девојче од 20 години излегува и погинува на лице место. Затоа мислам дека овој амандман требаше да биде изготвен и го повикувам парламентарното мнозинство да се замисли и да гласаме за. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници. За гласале 14 пратеници, воздржани нема и 51 пратеник гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-А ...

Повелете три минути за процедурално прашање за госпоѓа Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Господине потпретседателе,

Ние како партија до средбата на Комисијата кога претставникот на Владата не информираше дека наводно ќе има нов закон кој до овој момент заменик министерот не го потврди, но навистина се потрудивме и многу сериозно пристапивме кон работа на законот. Сметам дека е крајно неодговорно, барем треба да добиеме едно образложение од администрацијата, јас не сметам дека можеби министерот е одговорен, од оние кои го подготвуваат законот и кои треба да му укажат на министерот за што станува збор. Вака ако продолжиме до крај, ние да ги елаборираме амандманите и да укажуваме на сериозноста на она што се сработило, а мнозинството да изгласува спротивно јас не ја гледам смислата во работата во овој момент во Собранието. Значи, не знам што се случува во моментот. Нешто што е толку очигледно, што е препишано од Европскиот законик не се прифаќа, а треба да вршиме хармонизација со легислативата на Европската унија.

Ве молам, јас барам пауза од половина час за да се договориме во пратеничката група како понатаму ќе постапуваме.

**Иван Анастасовски:** Половина час пауза.

(Пауза од 12,57 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,38)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места да започнеме со седницата.

Писмено сум известен од предлагачот на амандманите Весна Јаневска дека ги повлекува своите амандмани од број 7, заклучно со број 15.

Пријавен е заменик министерот за внатрешни работи.

Има збор заменикот минситер за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази.

**Рефет Елмази:** Вака сега, во Министерството за внатрешни работи работиме, во процес е нов закон и веројатно сите овие забелешки и

предлози што се направениамандмански, веројатно ќе ги земеме, нели, на разгледување. Можеби голем број од нив ќе се прифатат, кога ќе го работимеи ше го предложиме новиот Предлог на закон.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Елмази.

Има збор пратеникот Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Господине потпретседателе,

Бидејки на паузата истото ова минситерот ми го соопшти мена, имав доблест како пратеник да ги повлечам, целата пратеничка група, предлагачите, да ги повлечеме амандманите.

Но,при тоа, морам да кажам дека недостојно и под честа е на еден пратеник во Собранието да се бори со аргументите на моќта и силата и надгласувањето. Не сакам да дозволам нашата сериозна и добронамерна работа да биде испинувана во опструкција на Парламентот и затоа, исклучиво значајни, суштински, битни, за промена на овој закон ги повлекувам.

Повторно апелирам и тврдам дека е неодговорен односот на одредена група пратеници, без оглед дали се од опозицијата или опозицијата, со необрнување на внимание на вака суштински законски одредби што не се однесуваат ниту на мнозинството, ниту на опозицијата, ниту на подржувачите, туку се однесуваат на граѓаните од оваа земја, всушност, бидејки станува збор за усогласување или хармонизација со легислативата на Европската унија, станува збор за иднината на оваа земја.

Со оглед на тоа дека не сакам работата на ВМРО-Народна партија да биде, повторувам спинувана, како опструкција или како некоректна, не за Владата или Собранието, туку за државата на граѓаните на Република Македонија, ние ги повлекуваме амандманите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Збор има пратеникот Божиновска Валентина, повелете.

**Валентина Божиновска:** Повлекувањето на амандманите е добронамерна пракса. Со оглед на тоа, се надевам дека ќе добиеме еден нов закон во кој, апсолутно ве убедувам во едно, дека сите овие амандмани што се подготвени, а се во согласност и во пример и со словенечкиот закон и со францускиот, дека ќе добиеме еден нов закон во кој што ќе бидат имплементирани сите амандмани и образложенија што ги понудија ВМРО-Народна партија и тогаш, навистина, ќе добиеме еден сериозен закон.

А, Вие почитуван господине Рефет Елмази сте одличен оперативец. Мислам дека не сте виновни во овој момент. Напротив. Дури, не ви се лутам воопшто, бидејки можеби оваа проблематика го тангира и Министерството за транспорт и врски. Така што, сметам дека, како и да е, ќе се сретнеме повторно заедно овде, ова парламентарно мнозинство и ние, меѓутоа со наш закон. Но, тогаш, можеби со 1500 амандмани. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Бидејки предлагачите ме известија и писмено и усмено дека ги повлекуваат амандманите од реден број 7 до 15, тие стануваат безпредметни.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на новиот член 317-а поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот минситер за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик минситре, почитувани колеги,

Навистина не можам да разберам зошто не се прифаќа овој амандман кога работата е толку јасна.

Имено, во Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, во членот 21 предлагачот бара членот 317, после него да се додаде член 317-а кој гласи: "Се овластува министерот за економија во согласно со минситерот за транспорт и врски и минситерот за внатрешни работи да донесат поблиски прописи за техничките акрактеристики на тахографот и начинот на испитување на тахографот".

Имено, почитувани колеги, амандманот се однесува на тоа дека минситерот за економија, не гледам логика да биде вклучен во оваа работа, особено што надлежност во овој поглед, по укинувањето на Бирото за стандардизација, што навистина беше под негова надлежност, меѓутоа истиот се трансформира, имавме или сега има формирање на Институт за стандардизација, како независно тело под ингеренции на Владата на Република Македонија. Зошто тогаш во овој член се спомнува министерот.

Навистина, дека колешката Весна Јаневска е во право. Не знам ни дали предлагачот го слуша ова мое образложение. Сметам дека надлежноста над ова прашање треба да има токму Институтот за стандардизација и Министерството за транспорт и врски.

Согласно Законот за стандардизација, Службен весник број 54 од 15 јули 2002 година, Бирото е трансформирано. Не знам зошто воопшто се спомнува министерот за економија.

Амандманот се однесува токму на членот 21, каде што треба да се изостави овластувањето во делот на минситерот за економија. Треба да стои " се обвластува минситерот за транспорт и врски во согласнсот со минситерот за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за техничките карактеристики:" и т.н. Се разбира, на предлог на Институтот за стандардизација. Навистина би бил задоволен, до колку

предлагачот најде една причина да каже зошто овој амандман не се прифаќа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор пратеникот Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министре,

Знаете ли на што се однесува овој амандман? Предлогот на законот е даден во период ког аимаше поинаква организациска структура во Министерството за економија и поинаку беа регулирани надлежностите на министерот за транспорт и врски, минситерот за внатрешни работи и министерот за економија во делот на донесување подзаконски акти, прописи, правилници за техничка уредба на дефинирање на правилата за баждарење на тахометрите.

Сега, според новиот организациски план Бирото за стандардизација не постои како такво. Одделението што беше во склоб на Министерството за економија го нема. Сега постои Институт за стандардизација што е единствен од стручен аспект, надлежен за спроведување на ваквите технички постапки. Нормално е во Законот да не се спомнува министерот за економија повеќе. Уште пвоеќе Институтот за стандардизација не може да носи прописи, се знае која институција може, според закон, според Уставот да носи подзаконски акти, односно прописи. Во тој поглед, министерот за транспорт иврски треба да донесе таков подзаконски акт на претходно мислење односно даден предлог од страна на Институтот за стандардизација. А, бидејќи се тангира пробелматиката од безбедноста на сообраќајот, што според ингеренции е во склоп на Министерството за внатрешни работи, треба министерот за транспорт и врски да се консултира за подзаконскиот акт што го донесува со колегата министер, од кого треба да добие писмена согласност од тој аспект.

Ако е ова вака, де факто состојба, не ми е јасно од кои причини не го прифаќате амандманот? Сфатете го од правна природа, од техничка природа, како сакате, но реалната состојба налага состојба, налага поинаква организациона псотавеност и постапки во овој дел.

Навистана, се придружувам на мислењето што колешката Јаневска го кажа, дали воопшто вреди да се даваат предлози, сугестии и мислења или амандмани од страна на опозицијата, кога ан блок, се што доаѓа од страна на опозицијата се смета дека е со некоја задна намера. Или, колегата Ѓорчев како што вели ни прифаќале многу амандмани па ние треба да бидеме задоволни. Нормално дека ќе прифаќате ако квалитативно ја подобруваат материјата, предлогот на законот, ако имаат логичност, имаат подлога во подобрување на законските решенија. Нормално е дека треба да се подржат. Не за некој да се направи повеќе херој, а некој губитник во тој дел, кој повеќе попуштил, кој помалку попуштил, целта на ова Собрание е да носи квалитетни закони што ќе бидат применливи во пракса.

Мислам дека намерата на сите нас е таква. Ако некој поинаку мисли нека се изјасни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се пријави заменикот минситер за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Сите овие предлози односно решенија што ги нудат пратениците, реков уште пред малце дека е во процес донесување нов закон. Тогаш сите овие исправни предлози и решенија ќе бидат земени во предвид и веројатно ќе бидат вметнати во тоа.

Со Министерството за транспорт иврски, со минситерот за економија и нашето Минситерство, веројатно уште еднаш ќе седнеме, ќе видиме, ќе расчистиме и ќе ги прифатиме сите решениај што се во интерес на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Герамитчиоски Тале**,** контра реплика, повелете.

**Таке Герамитчиоски:** Ќе бидам сосема краток.

Тогаш, почитуван заменик минситре која е поентата да се предлага закон, само да се донесе законот, кога за кратко време проценувате дека треба да претрпи поголем број на промени, синхронизирање, односно усогласување со надлежностите на други минситерства. Објаснете тогаш зошто губиме време, зошто губиме енергија за да се донесе законот, кога за кратко време ќе предложите да се измени во овој дел.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор заменик минситерот за внатрешни работи господин Рефиет Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Интервенирано е сега само со дел од овие, затоа што треба да се реализира Проектот за лични документи и дел од овие закони да ги усогласиме со законите од Европската унија. Значи дополнително, со новиот закон ќе бидат опфатени и прифатени сите забелешки, што гикажав.

Уште еднаш да повторам, за предложени дел од овие решенија, не комплетно. Во наредниот период тоа ќе го решиме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине заменик министер.

За збор се јави Серафимов Влатко, повелете.

**Влатко Серафимов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван господине заменик министре,

Сметам дека ова образложение што го дадовте во последните ваши излагања не држи, бидејки овој амандман се однесува исклучиво на техничка природа.

Усогласувањето со тахографите нема потреба да биде вклучена и министерката за економија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Серафимов.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата како би можеле да пристапиме кон гласањето.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Бидејки во салата се присутни потребен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале вкупно 60, за гласале 21, воздржани нема, 39 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Сега давам пауза за ручек до 15,00 часот кога ќе продолжиме.

(По пузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Бесим Догани:** Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 29-а по членот 29, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Рефет Елмази.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Овој амандман се однесува на тоа што во Предлог законот никаде не е регулирана една материја. Имено, измените во делот на употреба на тахографот се однесуваат само за употреба на обичен или механички тахограф. Овој вид на тахограф во земјите на Европската Унија е во фаза на исфрлање од употреба и се преминува кон употреба на дигитален тахограф. Новите возила камиони и автобуси фабрички се опремени со дигитални тахографи и нашите транспортери се соочуваат со проблеми при набавка и експлоатирање на возила при немање на соодветно домашно законодавство по однос на ова прашање. Мислам дека Владата треба посериозно да го разгледа овој амандман и требаше да го прифати, но видовме дека нема расположение за тоа ниту од друга страна ќе имаме хармонизација на нашето македонско законодавство со стандардите и регулативите на Европската Унија.

Само би сакал да потсетам, бидејќи заменик министерот рече дека многу брзо во рамките на Парламентот ќе имаме нов закон за безбедност во сообраќајот, да напомнам дека Европската регулатива број 3821 од 1985 година, во делот на опремата за снимање и забележување во патниот транспорт има 11 измени и последната е направена во 2006 година.

Пречистениот текст има 270 страници, самата регулатива 20 страници, а регулативата има и два анекси.

Почитувани колеги, зошто го спомнувам овој број на страници, самата големина покажува каков треба да биде приодот кон ова прашање. Имено, во Анекс 1 на овој текст се однесува за механички односно обични и електронски тахографи и истата брои 20 страници. Вториот Анекс е за дигитални тахографи и таа повеќе од 200 страници. Со самото тоа сакам да кажам дека навистина треба сериозно да се пријде на ова прашање и ќе беше добро доколку министерот за транспорт и врски донесеше поблизок пропис за начин за употреба на дигиталниот тахограф особено што бараме нашите превозници да бидат рамноправни со колегите од земјите членки на Европската Унија.

Мислам дека еден ваков близок пропис кој ќе требаше да биде изготвен, нема расположение да биде прифатен и не можеше едноставно со еден амандман да се напише, ценев дека со еден ваков подзаконски акт имавме можност да ги доближиме нашите транспортери до колегите од земјите на Европската Унија, но ќе почекаме да видиме што во новиот закон Владата ќе предвиди. Жалам што навистина имаме да не речам игнорантски однос кон едно вакво сериозно прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, колку и да се трудам да ги разберам потезите на претставникот на Владата навистина не можам да ги поврзам конците. Дали знаете воопшто за што станува збор во овој амандман? Дали некој од стручните служби сте се обиделе да консултирате во вашето министерство или да стапите во контакт со надлежните од Министерството за транспорт и врски за да ја сватите апсурдноста на постапката да не се прифати овој амандман.

Секое ново транспортно возило кое ќе дојде во процес на хомологација на овластена институција или кај Машинскиот факултет во Скопје или Авто мото сојузот или Здружение на возачите кои се овластени институции да го вршат тој процес на хомологација.

Значи, потребно е да поседуваат соодветен правен акт, подзаконски акт, правилник според кој ќе го вршат тој процес. Ќе дадат сертификат и употребна дозвола за тоа возило. Поголем дел од новите транспортни возила имаат дигитални тахографи. Кажете ми во пракса како ќе функционира такво нешто.

На пример полицаецот го запира возачот за да изврши проверка на лице место и таму гледа дигитален тахограф. Бидете практични, од практичен аспект согледајте ги овие проблеми, не држи вода образложениeто дека ќе се усогласи со Европската законска легислатива, значи во идните постапки на усогласување на законот. Што ќе правиме до тогаш?

Ако добронамерно ви се укажува со еден амандман за не практично имплементирање на законското решение и сега е време и сега е место да се интервенира, дали е вистина дека од опозиционата страна е предложен амандманот за корекција од практичен аспект на имплементација на законот, во прашање е каприц, во прашање е инает или што е кога не се сака да се послуша логично образложение. Навистина не ми е јасно.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

За збор се јави пратеникот Игар Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе, сосема накусо, кога говориме за Европската Унија, говориме за усогласување на македонското со законодавството на Европската Унија. Усогласувањето на законодавството не претставува само политички декларативни или општи заложби, тоа претставува збир на многу конкретни нешта, многу конкретни прописи.

Ова е еден од многуте прописи кои Република Македонија треба да ги има усвоено. Кога веќе носиме закони од овој тип, покрај мислењето за тоа како законите треба да дадат одговор на подобро регулирање заради потребите на македонските граѓани, треба да имаме на ум дали со тоа сме направиле мал, но конкретен чекор напред кон Европската Унија. На ваквите работи се покажува кога се составуваат извештаите за прогресот на Република Македонија во Брисел. Со ваквите потези со неприфаќањето на овој амандман ние оставаме една регулатива неисполнета, нереализирана и тоа ќе најде свој конкретен извештај за Република Македонија.

Затоа е многу битно, за да не правиме ситуации повторно да ги менуваме законите кога за тоа некој ќе ни нареди однапред да мислиме и ги спроведуваме однапред преземените обврски и ветувања.

Со овој конкретен амандман кој некому можеби му изгледа не битен, имам таков чувство во оваа сала, Република Македонија прави проблем и на увозниците на ваков тип на возила, бидејќи Министерството за внатрешни работи не може да даде дозвола за нивна регистрација, бидејќи нема уреди за мерење од овој тип, правиме ситуација ставајќи ги во нерамноправна положба нашите транспортери во Европа, на крај имаме ситуација кога некој ќе констатира, како во овој момент ние, дека Македонија не направила усогласување на оваа конкретна регулатива.

Пред малку мојот колега Ѓуркчиев говореше колку Европската Унија обрнува внимание на еден мал елемент кој, преведено во хартии на законите, изнесува повеќе од 20. Овој амандман не смее да се сведе на она историско “не” на претставникот на Владата кога станува збор за амандманите на опозицијата. Овој амандман има значење за законот, генерално за Република Македонија и оние граѓани кои се инволвирани во оваа сфера.

Затоа јас ќе апелирам, ако сакаме конкретно, а не на зборови, да се движиме напред кон Европа, во овој сегмент Владата треба да го прифати, бидејќи го направи спротивното, ја барам поддршката од владеачкото парламентарно мнозинство да даде поддршка на овој амандман кој е технички, но кој има големо значење во делот на она што значи Македонија поблиску до Европската Унија  благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи не сме во доволен број да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 63 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника од кои за гласале 17, воздржани нема, против гласаа 46 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збот? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека,согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника од кои за гласаа 54, воздржано 4, против гласаа 2.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.(9)

Кој е против молам да крене рака? (никој)

Дали има воздржан? (1)

На седницата присуствуваат 10 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлог законот гласаа 9 пратеника, против немаше, а од гласањето се воздржа само 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Процедурално бара господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседател имам едно прашање до вас што ја водите оваа седница.

И вчера кога го носевме законот за измени и дополнувања на Законот за лична карта, а и денес законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се гласа со Бадентер.

За еден сличен закон кога имавме измени и дополнувања на Законот се рече, по мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците дека заради тоа што се работи само за закон за изменување и дополнување нема потреба од гласање со Бадентер. Сега имаме иста ситуација два закони носиме со измени и дополнувања на законите, ги гласаме со Бадентер.

Би сакал од вас едно толкување, која е разликата за едни закони за изменување и дополнување да се носат со Бадентер, а други закони кои се носеле во основната фаза за која сега пак има измени и дополнувања не се носат со Бадентер.

Навистина не ми е јасно врз основа на кои критериуми, ако сте во право првиот пат, како Претседателство, не сега лично вие, дека законите за изменување и дополнување нема да се носат со Бадентер затоа што претставуваат само технички измени, зошто сега во оваа ситуација го применувате Бадентер. Во што е разликата или е тоа израз на слободно толкување од оние кои ќе ја водат седницата.

Во едниот случај не сте во право дали во првиот или вториот јас не сакам да проценувам, не сум меродавен кој треба да процени, но пратениците ги доведувате во неубава ситуација. Кога ви одговара ги носите со Бадентер, а кога не ви одговара не ги носите по Бадентер. Мислам дека во Парламентот се воведува едно правило што не е добро за носењето на законите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и вам господине Најдовски.

Значи вашето прво прашање беше упатено кон одлуката на Комитетот, така да тие ви одговорија кога писмено образложија зошто првиот закон се носи без Бадентерово мнозинство.

Што се однесува до Законот кој го донесовме денеска, според амандманот 10 - да прави директно со начелата кои се споменати во амандманот број 10. Тоа се лични документи и слично кои се наведени според амандманот 10.

Сепак ви благодарам за прашањето.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, не можете да се криете зад било кој исказ или било што. Вие сте тој кој што раководи со седницата и претседателството одговара за применување на Доловникот. Законот за радиодифузна дејност кога се носеше исто така беше носен со Бадентер. Ова Собрание одлучи дека кога се работи за изменување и дополнување не треба со Бадинтер. И во ред ако така одлучивте. Но, зошто сега за иста ситуација применувате исто начело. Тогаш аналогно на тоа не требаше и овие да ги носите со Бадентер. Од таа причина сметам дека не можете да применувате двојни аршини. И тоа не е добро за Собранието на Република Македонија. Јас само сакам да ви напоменам, владеачкото мнозинство си даде еден автогол. Ако беше првиот пат во право сега не е во право, или обратно ако сега е во право тогаш не биле во право. Сметам дека непотребно дадовте повод и вчера и денес да се отвори една политичка расправа во Република Македонија по однос на ова прашање. Така Парламентот не смее да работи и не е добро за функционирањето на Парламентот во Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Јас ви го дадов моето објаснување дека таму каде што имавме дилеми дека не треба да се употреби Бадинтерово мнозинство, така постапивме, според мислењето на Комитетот. Овде каде што мислевме дека би требало така го направивме.

Има збор пратеникот Трајанов Павле, повелете процедурално.

**Павле Трајанов** Јас сакам да укажам дека господинот Слободан Најдовски може да се повика на Уставот односно на уставните амандмани, да ги проучи, да го проучи Деловникот и мислам дека Законот за радиодифузна дејност апсолутно никаде не е спомнат како Закон, како акт што треба да се носи со двојно мнозинство. Така да мислам дека ова прашање го отвараме непотребно, бидејќи сосема се јасни уставните и законските решенија кога и во кој случај е неопходно двојно мнозинство. За мене ако претходниот парламентарен состав донел погрешна одлука или ако било тоа резултат на политички договор да се гласа, да бидат задоволени некои политички барања, не треба овој Парламент да ги повторува грешките. Сосема исправно функционира сега Парламентот кога гласа со двојно мнозинство за измена на законите кои се однесуваат за лични карти и други документи, бидејќи е тоа дефинирано во уставните амандмани, а и прецизно е кажано во Деловникот на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Трајанов. Мислам дека непотребно отвораме теми и дилеми кои не ги разговарале порано.

Повелете, Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски** Јас не знам зошто господинот Трајанов се јави да коментира моето искажување, бидејќи воопшто во оваа ситуација иако го ценам и почитувам не е повикан за тоа. Повикан за тоа е оној кој раководи со седницата на Собранието и кој што е должен да го спроведува Деловникот. Но господине Трајанов само прочитајте го извештајот на Комитетот за меѓуетнички односи во кој што вели заради тоа што правеле технички измени, заради тоа не треба, а не велат тие дека не се во согласност со Уставот. И затоа јас ги повикав луѓето кои се одговорни за спроведување на Деловникот во Собранието на Република Македонија, сметам дека непотребно направија повреда на процедурата во Собранието поврзана со овие три закони кои што можат да имаат негативни импликации во овој политички момент во Република Македонија. Самите тие го отворија тоа прашање и после повторно ќе ви биде виновна опозицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, моето процедурална забелешка е до вас бидејќи согалсно Деловникот за работа на ова Собрание вие не го прекинавте господинот Трајанов бидејќи не зборуваше процедурално. Нас ни е јасна тактиката дека ВМРО-ДПМНЕ за да се скрие ги користи помалите партии. Бидејќи господинот Петковски не е тука денес Трајанов. Минатиот пат беше Лилјана Поповска. Затоа кога ваква процедурална неиздржана забелешка ќе има, тогаш ќе ве молам да интервенирате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Минуваме на шестата точка од дневниот ред - **Минуваме на точка 6 - Предлог на законот за спречување на интереси**

Предлагач Владата на Република Македонија, Министерството за правда.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Продолжуваме со претресот.

Процедурално за законот, Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Во однос на процедурата односно според членот 141 од Деловникот на Собранието на Република Македонија бидејќи законот за спречување на интереси е во втора фаза, а од моментот на донесувањето на предлогот за донесување на закон се поминати 60 дена, барам да законот денеска го разгледуваме во прва фаза односно како Предлог за донесување на закон, бидејќи предлагачот претходно нема побарано овој рок да биде продолжен и да биде во согласност со одрдбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Доколку ова мое барање не го прифатите барам да заседава Комисијата за мандатно имунитетни деловнички прашања и да даде сопствено мислење. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски, вие според член 141.

Значи овој закон е започнат од март месец, денеска е на дневен ред и мислам дека според тоа треба да продолжиме без посебно барање од предлагачот до Собранието. Значи предлагачот на Законот не даде предлог да се повлече или да се дискутира според тоа како вие мислите, така да може да продолжиме по точката на дневниот ред.

Повелете, господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Господине потпретседател,

Вие сте должни пред се да го почитувате Деловникот на Собранието на Република Македонија заради тоа што предлагачот не побарал да биде рокот продолжен, така како што пишува членот 141 ставот 2, туку се изминати повеќе од 60 дена од кога е разгледуван законот во прва фаза. Дотолку повеќе, имајќи предвид дека на овој закон има 30 амандмани, а самиот закон е составен од 31 член, мислам дека треба да го разгледуваме и не мислам туку така кажува Деловникот на Собранието на Република Македонија за кои што вие сте задолжен да го почитувате и да го применувате, барам да денеска го разгледуваме во прва фаза и повторно да биде донесен како Предлог за донесување на закон. И реков доколку не го прифатите барањето барам да се свика Комисијата за мандатно имунитетно и деловнички прашања, и да даде сопствено мислење. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Повелете Вељановски Трајко, процедурално.

**Трајко Вељановски:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека и оваа процедурална забелешка од страна на опозицијата е насочена кон одолговлечувањето на носење на одредени закони. Зошто? Затоа што познато ни е со првиот закон, Законот за полиција имаше таква процедурална забелешка од страна на опозицијата и тогаш Собранието реши дека може да се продолжи и покрај тоа што е изминато повеќе од 60 дена согалсно членот 141. И покрај на таа седница, ги потсетивме, тогаш претседателот на Собранието директно ги кажа кои закони претходното парламентарно мнозинство ги има донесено и покрај тоа што тој е во согалсност со членот 141, дека во рок од 60 дена треба да се поднесе втора фаза од носењето на законот. Не знам што е интенцијата од страна на опозицијата конкретно по овој закон, конкретно по оваа оваа процедурална забелешка кои што и сами знаат дека не е во ред од нивна страна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Димовски Илија, процедурално.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе,

Јас сакам да укажам на ставот 2 од членот 141, каде се вели: - ако предлагачот на законот не поднесе Предлог на закон во рок од ставот 1 на овој член, должен е да го извести Собранието.

Јас сметам дека овде има присутен предлагач од Владата и може да ги даде причините, со оглед на тоа што имаше парламентарни избор итн. и после тоа Собранието е должно да постапи, ако ги прифати причините поради кои во рок од 60 дена не е постапено. Така што не е ништо спорно. Јас само се чудам зошто во овој случај се сака одлагање за донесување на закон за спречување на судир на интереси. Навистина ми е сомнително.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димовски.

Процедурално за збор се јавува господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе,

Ова Собрание има свој куќен ред, тој се нарекува Деловник. Ако парламентарното мнозинство има желба да го промени, како што тоа е случај во изминатите месец два, тоа ќе треба да го направи повторно низ процедура. Се додека тој Деловник, ако воопшт биде изменет, не е изменет, важечки се постоечките прописи. Не може за неодговорноста и несериозното работење на претставниците на Владата да се обвинува некој дека сака да го блокира. Нашиот одговор е не. Ние сакаме да разговараме за овој закон и очекувавме дека тој ќе биде меѓу првите, на Владата и на парламентарното мнозинство. Од тогаш поминале многу месеци. Ние сакаме да расправаме, но при тоа сакаме и да ги почитуваме постоечките норми. Или ќе расправаме за овој закон повторно, како закон во прва фаза и ќе го запазиме редот, или ќе се обидуваме со политички инструменти да ги ралативизираме грешките и пропустите на извршната власт. Тоа што Министерството не го напрвило, не можеме ние да го амнестираме и да го аминуваме денес.

Предлогот е, ако го одбивате веќе она што го кажа колегата Спасовски да се свика Комисијата, не на Владата, на Собранието, каде треба да се доведат во ред пропустите и грешките кои веќе евидентно се направени. Немојте да ги релативизирате работите со време. Прво, толку време не се најде на дневен ред, сега кога се најде, еве и вашиот колега од мнозинството потврдува дека е направен пропуст, веројатно тоа е став на ВМРО-ДПМНЕ. Ако тоа веќе е така, дајте да излеземе, согласно процедурите од оваа ситуација, или да заседава Комисијата за деловнички прашања и да донесе решенија. Не може со усно изјаснување на претставниците на Владата да се побара продолжување на рокот. Тоа веќе требало да биде направено. Но, нивната грешка денес е факт. Ние сакаме само да се однесуваме согласно постоечките правила, а за расправата, доколку се прифатат нашите забелешки,ќе започнеме и денес.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Иако овој Предлог закон се дебатираше во минатиот состав и ако во минатиот состав не беше почитуван рокот...

(Реакции во салата).

Сепак, давам 15 минути пауза за координација со координаторите на пратеничките групи.

Пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи во 16,14 часот)

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Согласно договореното на последната координација, молам да се повлечат пратениците кои побараа збор процедурално.

Има збор заменик министерот за правда за да даде свое образложение. Повелете.

**Сашо Василевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, согласно забелешките дадени од претходните дискутанти, Владата одлучи овој закон да го врати во прва фаза. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, законското уредување на прашањето за судирот на интереси како општествено негативна појава не е нешто ново и непознато во Република Македонија, туку напротив, во голем број закони има вградено одредби кои го уредуваат прашањето на судирот на интересите, определувајќи во кои случаи носителите на јавни функции и други лица вработени во органите и институциите што се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на општината можат да се најдат во состојба на судир на интереси. Имено, изборното законодавство, Законот за државни службеници, Царинскиот законик и други закони во својата содржина имаат одредби кои се однесуваат на неспојливоста на функциите што секако има влијание и може да предизвика судир на интереси.

Меѓутоа, прашањето на судирот на интереси при извршувањето на должностите е особено актуелно и од големо значење во земјите како што е Република Македонија, кои се мали по бројот на жители и каде можноста од меѓусебно познавање и роднинските врски се повеќе изразени, така што можноста еден вршител на јавна функција лично да го познаваат или да бидат со него во роднинска врска е многу поверојатна и можна отколку во земјите со побројно население од неколку милиони жители.

Како што веќе споменав, во повеќе земји има одредби за судирот на интереси, но целта на посебен закон по ова прашање е да се направи

основна правна рамка. Овој закон содржи одредби кои го дефинираат поимот што претставува судирот на интереси, кога настапува, кој е тој момент кога вршителот односно носителот на јавна функција треба да се изземе, едноставно да застане и самиот да каже, еве, во овој случај мојот личен интерес ако го застапувам и ако надвладее над општиот интерес, тогаш кои се последиците што ќе морам да ги поднесам, ако јавниот интерес е во втор план кои се последиците од правен, но и од политички аспект.

Почитувани пратеници, законот има за цел и да ја потенцира одговорноста на носителите на јавните функции при извршувањето на своите должности. Самиот закон е подготвен по концепт кој веќе е проверен во други земји, кои во својот развој и градење на демократските односи се во иста или слична состојба како и Република Македонија.

Со законот потребно е да се дефинираат состојби кои нема да бидат до краен степен ограничувачки, туку напротив, да се опфатат состојби кои се конкретни и од кои недвосмислено може да произлезе состојба на судир на интереси, но и во тие случаи не мора да биде во прашање само личниот интерес на вршителот на функцијата, туку и личниот интерес на член на неговото потесно семејство.

Правилното разрешување на судирот на интересите во законски рамки ќе придонесе за враќање на довербата на граѓаните кон институциите на системот. Имено, судирот на интереси како состојба не претставува корупција, но ако судирот на интереси не се решава на соодветен начин во една законска процедура, тогаш може да продуцираат односно да прераснат во корупција, што секако ќе се согласите дека претставува далеку поголемо општествено зло.

Целта на законот за спречување на судир на интереси е да ги идентификува можните ризици кои би довеле до судир на приватниот со јавниот интерес. При подготвувањето на законот, работната група го имаше предвид и фактот дека и строгите ригидни одредби за тоа како и што можат, односно не можат да прават службените лица, може да предизвика спротивен ефект. Законот дефинира што всушност претставува и кога може да настапи судир на интереси. Сметаме дека во определувањето на оваа дефиниција за состојбата судир на интереси успеавме да го направиме тоа на најдобар можен начин, се разбира, според наше мислење, што не значи дека нема да прифатиме предлози кои ќе придонесат за уште подобро формулирање на оваа дефиниција.

И во натамошниот текст на законот, следните одредби на членовите се куси и сосема на едноставен начин определуваат термини и состојби, како на пример поимот “службено лице”. Се определивме дека за овој поим ќе се користи веќе утврдената дефиниција во Кривичниот законик што како пракса се користи и во другите закони.

Како што истакнав и на почетокот од ова мое излагање, законот не смее и не треба да биде до толку детален и да забранува се и сешто на службеното лице, туку напротив, со почитување на Уставот и законите успешно да ја извршува својата должност. Затоа, законот има одредби и за тоа како да постапи службеното лице во случаите на постоење на судир на интереси, како да постапи ако професионално ја извршува јавната функција во однос на неговото претходно вработување, стекнување профит, назначување на управител на својот имот за време на вршењето на јавната должност и слично.

Почитувани пратеници, во законот се предлагаат решенија, ако постои сомневање дали во определена ситуација може да има судир на интереси, тогаш службеното лице има можност да побара мислење од надлежната комисија. Како што веќе истакнав, законот претставува еден вид кодекс на однесување на службеното лице, па во таа насока се и членовите со кои се забранува примање подароци и забрана на вршење други работи кои се директно неспојливи со службените должности и временското ограничување за вршење на определени работи по престанувањето на вршењето на должноста.

Надлежноста за спроведување на законот, односно органот кој ќе биде надлежен е Државната комисија за спречување на корупцијата.

На крајот, сакам да се осврнам и на мерките што се предлагаат во законот, а кои имаат за цел да влијаат на службените лица да го штитат јавниот интерес додека се наоѓаат на определена функција, а не својот личен, приватен интерес да надвладее. За сега предлагаме две мерки, и тоа опомена и јавна опомена, како јавно објавување на предлогот за разрешување од функција. Законот не е обемен и претставува основа за разработка на определени прашања во одделни закони кои ќе ги вградат и своите поспецифични односи во зависност од надлежноста на органот. Секое ваше мислење, почитувани пратеници, и предлог ќе биде драгоцен во натамошното доуредување на одделни прашања кои ги тангира овој закон. Сметаме дека заедничката желба на сите нас е да направиме квалитетен закон, со кој ќе го покажеме, ќе го пополниме мозаикот на македонското законодавство, а неговата успешна имплементација зависи од сите нас заедно. И сите заедно да придонесеме во спречувањето на злоупотребата на службената положба, на јавниот интерес да му дадат примарно место во извршувањето на функцијата. Успешното спречување на судирот на интересите меѓу јавниот и приватниот и службените лица е првиот чекор кон спречување на корупцијата, а сето тоа ќе го постигнеме ако подготвиме квалитетен закон.

Искрено ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Реплика има пратеникот Јани Макрадули и Игор Ивановски.

Повелете господине Макрадули со репликата од 3 минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, не знам дали да се смеам или да плачам. Заменикот министер за правда го прочита истото образложение од март 2006 година што господинот Субхи Јакупи го кажал. Дали овој ќе го тужи за плагијат, оставам на него, но ова е врв на несериозниот однос на Владата кон Собранието. И додека пратениците од мнозинството мислат дека тоа е добро за Парламентот и државата Република Македонија, јас мислам дека тоа е трагично, да се потценува интелигенцијата на пратениците, да се потценува целокупната стручна јавност по оваа проблематика. Читајќи го целото образложение, читајќи го исто од збор до збор, јас проверував и тука им читав на колегите, дури самиот зборува дека ќе биде драгоцено нашето мислење во натамошното доуредување на актуелните прашања што ги тангира овој закон, а заменикот министер дојде денес на седница за да ја застапува втората фаза од законот.

Апелирам да се замисли Владата, не е добро за Република Македонија да има ваков игнорански однос кон Собранието. Собранието мора да го направиме место каде Собранието кое ја избрало Владата ќе ја контролира и ќе биде механизам за контрола на имплементацијта на законите, нема да се користи за "спрдачина" со Собранието.

Дали некој ве намести заменик министер не знам, но ова што го направивте сега е срамота за политичкиот амбиент во Република Македонија.

Ги повикувам сите медиуми да ги видат стенографските белешки од излагањето на господинот Субхи Јакупи, да проверат дека од збор до збор сега што зборуваше заменикот го прочита. Каде мислиме дека ќе не однесе ваквиот игнорански однос на Владата кон Собранието, како ќе правиме заеднички закони и квалитетни закони, ако се спрдачиме со Собранието и го претвораме тука во гласачка машина. Навистина сум вчудоневиден, трагично е ова што се случува за демократијата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Контра реплика има заменик министерот за правда. Повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван пратеник Макрадули, вие сте самите очевидци и свесни сте дека предлагачот, Министерството за правда, буквално во последен момент го врати законот во прва фаза, затоа што требаше денес да дискутираме за амандманскиот дел односно за втората фаза.

Со оглед на фактот што Владата наиде на доблест, ги прифати забелешките што ги предлагавте, се со цел да не се кочи тој политички дијалог, каде упорно и цело време притиска и дава критики Европа, го направивме тоа што го направивме и прифативме законот да оди во прва фаза. Не гледам причина, не гледам што толку драматично се сфати излагањето дадено од мое лично име, подготвено од страна на службите при Министерството за правда. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Игор Ивановски, реплика од три минути, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Господине заменику министре, вие вршете си ја вашата работа и тоа ќе биде доволно, оставете ја работата на Собранието и на партиите, она што се однесува на политички дијалог. Од вас не се бара да толкувате политички моменти, од вас се бара да си ја заработите платата што ви ја овозможуваат граѓаните. Ако стручните служби ви се криви, разрешете го проблемот таму и за тоа толку.

Она што сакам да го кажам, ако веќе заменикот министер не се потрудил ни 5 минути од неговото време да состави експозе соодветно на тоа што треба да планираат денес, тогаш во најмала рака требаше да биде доблесен и да ни го достави истиот текст кој што беше усвоен во 2006 година. А бидејќи има разлика, тој тоа не го направил. Затоа, впрочем и за овој текст ќе расправаме и добро е што тоа ќе го правиме.

На крајот на краиштата, господине заменику министре, не не спасивте вие во последен момент и не сте вие доблесни, вие треба или очекував во вашето експозе барем една реченица на ова да додадете, а тоа е, да се извините што се обидовте во последен момент на мала врата да го прекршите Деловникот на ова Собрание. Не е доблеста кај вас, доблеста е во Собранието што одлучи да си ги почитува сопствените правила и да разговара за овој закон онака како што вели Деловникот, постојниот Деловник. Затоа, бидете концентрирани, бидејќи се навикнавме во изминативе неколку месеци од целото Министерство да се памети дали некој капут бил загубен, дали некоја кола била украдена и дали вие читате туѓи говори. Не ни се потребни, во многу исклучителна фаза, бурлески или хумористични моменти од вас и од министерот за правда, туку да си ја вршите својата работа. Затоа, се надевам дека во подоцнежната фаза ќе бидете многу поконцентриран.

И на крајот, очекував да има барем уште една дополнителна нова реченица во вашето експозе, а тоа е дека ќе имате политичка доблест да кажете дека сите евидентирани од страна на јавноста прекршувања и овозможување на конфликт на интереси, направени со наименувањата на голем број личности, ќе ги корегирате и со овој закон истите ќе бидат први

предмет на анализа. Впрочем, ако тоа сакате да го направите, ќе имате време да ни го покажете и да речете дека не само декларативно се залагате за спречување на конфликт на интереси, туку тоа го правите и на конкретен начин. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван заменик министер за правда, навистина бевме подготвени за еден друг начин на дебата, односно да дебатираме по амандманите кои ги поднесоа пратениците од опозицијата, а потоа врз основа на она што ќе биде прифатено да дебатираме по текстот, не затоа што така беше по процедурата, туку очекувавме и овој пат како што ни се случи и изминатите неколку пати во минатото да не се прифати, односно да не се почитува Деловникот и да продолжиме да работиме, односно овој закон да го разгледуваме во втора фаза. Овој пат навистина се испочитува Деловникот, секако по укажување на опозицијата и овде на почетокот сакам да ја расчистам таа дилема дека не се направија никакви отстапки од страна на Владата и Министерството за правда, не се направија никакви отстапки од страна на парламентарното мнозинство, но исклучиво се почитува членот 141, каде што стои дека најдоцна во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на предлогот за донесување на закон предлагачот е должен да достави предлог на закон. Но бидејќи тоа не се случи, некој тука ги спомена изборите, јас би сакала да не ни биде веќе тоа адут за оправдување, од изборите изминаа многу месеци, само од изборот на Владата изминаа повеќе од 6 месеци, така што имаше можност да се достави и ова да биде Предлог на закон, прва фаза, а до сега веќе да беше завршена и втората фаза. Зошто тоа не се направи сега можеме да имаме различни толкувања од наша страна, но за тоа ќе говорам на крај.

На самиот почеток ќе кажам дека јас и пратеничката група на ЛДП ќе дадеме поддршка за донесување на еден ваков закон и за потребата, дури иако беше во втора фаза ќе дадевме поддршка за да се донесе тој закон, затоа што сметаме дека на Република Македонија и е неопходно час поскоро во оваа ситуација во која се наоѓа да се донесе еден ваков закон, затоа што со тоа ќе се спречат, како што стои овде, појавите кои можат да доведат до судир на интереси, односно до судир на приватниот и јавниот интерес.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, очекувам не да се спречат, туку пред се да се санкционира она што до сега е направено. Зошто сметам дека е добро да биде овој закон во прва фаза? Имено, пред една година и повеќе се започна со јавни дебати, во кои беа вклучени повеќе невладини организации, меѓу кои “Транспарентност-Македонија”, беа вклучени тогашни претставници на Антикорупциската комисија и од тие дебати произлезе еден Предлог на закон, на кој имаше исто така многу забелешки, кои не гледам дека се вградени сите во овој закон, туку напротив, земени се дел од едните, дел од другите и е направен еден закон кој ако без некои подобрувања поминеше во собраниска процедура, ќе останеше со многу недоречености во него и не ќе можеше да се имплементира, односно неговата имплементација ќе беше значително отежната, затоа што располага со многу недефинирани поими како што се: “можат да побараат”, “може да се произнесе”, “доколку се случи”, работи кои не ја дефинираат и определуваат постапката во целина, особено во делот што се однесува на преземањето на видовите на мерки, каде се уште имаме одреден број недоречености, како што имавме и во првиот предлог на закон, каде што стојат како “повреда која што битно влијае на извршување на службените должности” - значи или влијае или не влијае, тука строго треба да се дефинира со закон и кои ќе бидат мерките, односно кој ќе биде органот кој ќе ги искажува мерките доколку не се постапи во согласност со овој закон.

Но, јас реков, бидејќи ова е прво читање, потребата е евидентна и во согласност со договорот јас не би должела многу и ќе кажам дека во Република Македонија имаме и добри закони, донесени се и голем број на добри закони, меѓутоа некако многу потешко ни оди со нивната имплементација односно кога ќе треба тие да се спроведат во дело.Токму поради тоа, очекувам Владата час поскоро да ни достави закон кој што ќе биде во втора фаза и во кој што ќе бидат вградени забелешките кои што овде ќе бидат донесени и парламентарното мнозинство во соработка со опозицијата, сметам дека треба што е можно побрзо да го донесеме овој закон, за да може Владата да го имплементира и со тоа да ги повлече од функциите сите свои роднини, вклучувајќи ги првите братучеди на премиерот, сопругот на вицепремиерката за евроинтеграција, роднините, синовите и внуците вработени во царината на одредени пратеници и на крај ќе завршат, особено очекувам да се повлечат од функцијата и 18-те директори, кои како одговор на моето пратеничко прашање од министерот, се докажа дека имаат приватни јавни здравствени установи, кои што се на нивно име или пак на име на нивни блиски роднини.
Тоа е термин кој што е опфатен во членот односно во еден од членовите, значи во членот 3 од Законот за спречување, за судир на интереси.

Затоа, апелирам до сите колеги и од опозицијата да бидеме ефикасни во работата, да овозможиме што е побрзо можно овој закон да стапи на сила, прво да помине низ Собранието и Влдата да си преземе одговорност, да го имплементира и да ги повлече сите овие лица за кои во јавноста се говореше сите овие изминати шест месеци. Само така ќе докажеме дека навистина искрено се залагаме за спречување на судирот за интереси и искрено се залагаме за борба со корупцијата.

Се друго ќе биде само декларативни заложби, замајување на македонската јавност, нешто во кое што и ние самите нема да си веруваме, а најмалку ќе ни веруваат граѓаните. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас на почетокот сакам да го изразам задоволството, поради тоа што веројатно овој закон, иако во прва фаза, ќе добие поддршка од сите пратенички групи во Собранието. Меѓутоа, сакам да ја разјаснам дилемата во врска со тоа дали требаше прва или втора фаза да оди овој закон. Јас стојам на мојот став, кој што го кажав додека разговаравме процедурално дека случајно или не опозицијата не го чита ставот 2 од членот 141 во Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, каде што е дозволено ако Владата даде аргументи и причини зошто не успеала во рок од 60 дена да го достави законот во втора фаза, да постапува Собранието. Тоа како пример ние го имаме во досегашната практика на работата на Собранието. Меѓутоа, мене ми остави впечаток неколку работи. Првата фаза односно потребата за донесување на законот, спречување на судир во прва фаза е донесена на 20 март 2006 година. 60 дена се 20 мај 2006 година, кога сеуште СДСМ ја имаше Владата во Република Македонија. Значи, тоа што во рокот не е доставен во втора фаза законот е одговорност на пртходната Влада. Ние како ново мнозинство се судривме не само Министерството за правда, туку и во низа други институции во Република Македонија со еден куп заостанати и проблематични ситуации. Пред се, финансиски дубиози кои постепено и постепено испаѓаат во јавноста. Сега, е актуелно дубиозите оставени во Министерството за култура. Тоа што опозицијата ја услови расправата да оди во прва фаза, всушност значи одложување на ефективноста на законот. Значи, сите декларативни заложби за борба против корупцијата, со овој потег опозицијата ги кутна во вода. Ја одложивте, господа пратеници од опозицијата, ефективноста на законот. Ако постапувавме во втора фаза, овој закон ќе стапеше на сила многу брзо. А, вака, како што вие постапивте, најрано што може да стапи во сила е 60 до 70 дена од денес. Сите заложби остануваат на збор и секогаш кога доаѓаме во ситуација реално да се бориме против корупцијата, реално да се бориме против спречување на судирот на јавниот интерес, очигледно е на граѓаните на Република Македонија дека еден дел од Собранието се обидува на секакви возможни начини да ги запре работите, да ги закочи, да предизвика криза итн. Јас апсолутно не сум убедена од декларативната заложба на опозицијата, туку напротив по претходната постапка забележав дека наоѓаат начин како да се избегне ефективноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Апсолутно нелогична е репликата од колегата, кој инаку го почитувам,затоа што, почитувани колеги, ова е битка со корупцијата, со спречување на судирот на интереси. Вие ја имате одговорноста за водење на државата. Вие единствено може да имате поставено луѓе кои се блиски роднини или кои доаѓаат во судир на интереси на различни функции. Тоа не може да го има опозицијата. Значи, ако вие ја имате моралната одговорност, тоа можете да го направите и без овој закон. Не го чекајте законот, повлечете ги сите ваши роднини кои шест месеци се говори во јавноста дека се на функции, како што тоа го направи ЛДП, го слушна гласот на јавноста и во истиот момент ги повлече сите свои наименувани функционери на почетокот на минатиот мандат, дури и од управните одбори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има Дулиќ Благородна.

**Благородна Дулиќ:** Со сета почит кон одлуката на координативното тело, сакам да укажам за во иднина. Сепак, тоа координативно тело треба да се придржува кон прописите кои што самото Собрание ги донело, односно член 141 во случајов. По ова прашање веќе ова Собрание има заземено став и се има произнесено, како и Собранието во минатиот состав. Никаде не стои, во случај кога е пробиен рокот од член 141, да треба законот да се врати во прва фаза, ниту дека може Собранието да не го прифати тој закон односно да го одбие. Овој рок е ориентационен, овој рок не е преклузивен, ако знаат правниците што значи преклузија. Преклузија значи губење на правото. Овде никаде такво нешто не стои, затоа што во наредните членови од член 141 тоа ќе беше предвидено. Според тоа, апелирам, без оглед, накриво ја почнавме работата по овој закон, можеби намерно, можеби смислено, можеби случајно, меѓутоа не смееме да дозволиме во иднина да се поигруваме со одредбите кои што сами сме ги донеле. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика има Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Ова не беше во врска со мојот говор, но јас мислев кога ја видов почитуваната колешка дека се јавува за реплика, ќе каже дека го слушнала она што јас го говорев и како чин на морална одговорност ќе го повлече својот син со несоодветно образование кој што има функција во царината. Меѓутоа, слушнавме нешто што воопшто нема врска со она што сега јас го зборував. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Сакам на почетокот да го искажам задоволството, поради тоа што ги почитувавме одредбите од Деловникот, тоа не е ни одлука на некакво координативно тело, туку тоа беше координација која што се свика за да ги разјасниме работите. Меѓутоа, Деловникот е тој што е важечки и сите сме обврзани да го почитуваме онака како што пишува во него, а притоа да не импровизираме, без разлика дали станува збор за ваков или онаков законски проект. Мислам дека ова е закон кој што ќе добие поддршка од сите пратенички групи во Парламентот на Република Македонија, закон со кој што ќе се остварат декларациите дека ќе се залагаме за борба против корупцијата, заради тоа што токму со овој закон ќе бидат осуетени почетоците или ќе се оневозможи воопшто да започнат коруптивни дејства кои што се остваруваат во Република Македонија.

Иако, овој закон помина во Собранието во прва фаза во која што беше направена јавна расправа во Република Македонија, со организирање на трибини на невладиниот сектор, пред се, од транспарентност од Македонија, бидејќи се работеше за закон кој што се донесува за прв пат во Република Македонија и беше неопходен, заради тоа што ќе претставува и усогласување со Европското законодавство, со тоа што ќе изразиме преку овој закон јасната политичка волја за борбата против корупцијата и за спречувањето на судирот на интереси во Република Македонија. Мислам дека во овој закон, иако денес требаше да се расправа односно бевме подготвени за расправа во втората фаза, без да ги погледнеме роковите кои што се предвидени, забелешките кои што се давани во текот на јавната расправа не беа инкорпорирани или пак има голем број на недостатоци кои што претставуваат хендикеп на овој закон или ќе претставуваат проблеми при неговата примена. За тоа разговаравме и на работните тела на Собранието, укажавме на одредени забелешки и самиот број на амандмани кој што е поднесен по однос на овој предлог закон укажува на тоа дека навистина треба да се поработи на него повеќе, да се поразговара, да се слушнат сите мислења и оргументи, сите забелешки кои што ги имаме и предлози и да се инкорпорираат, за да можеме да имаме добар закон, кој што ќе има и добра примена во Република Македонија, а впрочем тоа е и заложбата на Собранието, навистина да донесуваме закони кои што ќе бидат применливи и кои што досега било честопати пракса во Република Македонија и покрај донесување на соодветни закони, не баш често се применувале во државата и доведувале до состојби кои што сме ги имале досега. Реков дека овој закон е потребен, пред се, од аспектот што ќе мора конечно да се зафатиме со ефикасна борба против корупцијата и криминалот во Република Македонија. Овој закон ќе оневозможи да се создадат и изворите на корупцијата, пред се, во јавната администрација, кај службените лица, кај именуваните функционери кои што се во Република Македонија и на тој начин некој да се зацкрива во правењето на одредени криминални дејанија. На ваков начин ќе придонесеме, навистина, да ја ефектуираме оваа наша заложба и да биде составен дел односно дел од комплексот на закони кои што ја регулираат оваа сфера за борбата против корупцијата и криминалот, впрочем, како што беше и законот за Државната комисија за спречување на корупцијата за што долго дебатиравме, меѓутоа, сега можеби по овој закон ќе се види дека пратениците од опозицијата кои дебатираа во тој момент или донесуваа амандмани на текстот, биле оправдани, заради тоа што токму во примената на овој закон и давањето на ингеренции на Државната комисија за спречување на корупцијата да одлучува и по судирот на интереси, ќе се доведат во прашање тие дилеми кои што ги наметнавме во досегашноит период. Затоа, конкетни одговорни забелешки кои што ги имавме, а реков, и на работните тела на Собранието, забелешки кои што треба да бидат вградени во текстот на законот, затоа што остваат нејаснотии, недоследности, или пак ќе имам проблеми во примената на овој текст. Прво, во однос на општите одредби, каде што се дефинира што се уредува со овој закон е предвидено дека се уредуваат мерките за спречувањето на судирот на интереси во извршувањето на власта. Пред се, треба да се дефинира судирот на интереси, постапувањето по одлучувањето по однос на судирот на интереси и на крајот околу мерките за спречувањето на судирот на интереси. Исто така, во делот на начелата на работењето на службените лица кои треба да се придржуваат, согласно одредбите на овој закон, пред се, мислам дека покрај начелата, службените лица мора да работат според Уставот и законите, потоа и според начелата на законитост, ефикасност, еднаквост, доверба, независност, јавност, непристрасност итн., што е ставено по обратен ред во овој Предлог закон.

Во однос на определбата дека службените лица при извршување на своите должности од јавен интерес, не смеат да се раководат од личните, семејните, верските, политичките, етнички интереси, како и од заканите, притисоците и ветувањата, од непосредно претпоставениот, кај мене предизвикува една дилема, и мислам дека треба да се регулира така да не може да одлучува под закани и притисоци, ветувања, не само од непосредно претпоставениот, туку воопшто од претпоставените или од други лица, како и на почетокот во поимникот на законот треба прецизно да се дефинира што е тоа непотизам. Заради тоа што, недостасува една таква дефиниција, која што или пак се набележува во членот 7 дека тоа е унапредувањето на блиски лица. Мислам дека овие забелешки кои што ги даваме, кои што ќе ги истакнеме и за другите членови во овој закон или што веќе ги кажавме во амандманската расправа,

бидејќи сега е во прва фаза како предлог за донесување на закон, треба да се инкорпорираат во законското решение, се со цел да имаме поквалитетен законски текст. Реков дека СДСМ ќе остане на својот афирмиран политички став дека ќе дава поддршка на ваквите закони, кои што пред се значат хармонизација со Европското законодавство и закони кои што ќе придононесуваат за ефикасност во борбата против корупцијата и криминалот во Република Македонија, ќе дадеме поддршка на овој Предлог за донесување на закон, како и за предлогот на закон. Очекуваме ова Собрание после расправата која што ќе ја имаме во втората фаза да донесеме закон во кој што ќе ја истакнеме ефикасноста, пред се во спречувањето на судир на интереси, кои што несомнено постојат, без разлика и после овие 16 години кој бил на власт, меѓутоа некогаш помалку, некогаш повеќе изразено, што претставува дополнителен проблем во однос на функционирањето на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Болагодарам.

Три минути реплика пратеникот господин Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас многу слично како и претходната реплика до колешката Роза Топузовска, апсолутно не ми е јасно што опозицијата прави сега. Го слушав внимателно колегата Оливер Спасовски во говорот и тој даде една забелешка на текстот на законот, а тој лично има поднесено 12 амандмани. Значи, ако одевме во втора фаза, неговите 12 амандмани ќе беа предмет на расправа и ќе можевме да го подобриме текстот, плус добивката ќе беше поголема што веројатно за пет-шест дена законот ќе добиеше ефективна сила, што значи ќе стапеше во сила.

Сега, ако СДСМ и опозицијата знаат дека не треба да оди во втора фаза законот, немаше да поднесат амандмани. Само колегата Оливер Спасовски имаше пред се поднесено 12 амандмани. Повторно доаѓаме до тоа дека свесно овде некои работи сакаат да се забават. Значи зборуваме декларативно за борба против корупцијата, зборуваме декларативно за борба против спречување на јавен судир, си правиме политички маркетинг, си правиме политичка реклама, можеме да зборуваме колку сакаме апсолутно, прифатливо и на крај резултатот од оваа наша расправа е дека Собранието на Република Македонија поради тоа што треба да се задоволат некои лични интереси, ја одложи примената на овој закон за најмаку 60 дена.

Значи, сите дискусии што ќе следат од колегите на СДСМ, после таквата постапка која што ја направија паѓаат во вода. Едноставно, ако сите сметаме дека треба побрзо да дојде овој закон, јас ги повикувам колегите крајно принципиелно, да се повлечеме сите од дискусиите, да ја изгласаме првата фаза и да ги замолиме претставниците од Министерството за правда најбрзо што може да го достават законот во втора фаза. Значи, сме ги поминале сите овие процедури. Ние едноставно, ќе зборуваме дека треба да се спречи корупцијата, само ќе зборуваме дека треба да се спречи судирот на јавниот интерес, а всушност, со ваквите постапки ја одложуваме примената. Вака едноставно нема резултати. Граѓаните не можат да препознаат желба за подобрување на ситуацијата, ако вака се постапува. Ќе повторам уште еднаш ставот 2 членот 141 е многу прецизен во вакви ситуации. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колега Димовски навистина, колку и да искажуваме декларации, меѓутоа имаме акти по кои што треба да работиме и пред се, ова Собрание треба да си го почитува сопствениот деловник кој што го донело во однос на работата и тука мислам дека нема дилеми.

Во однос на амандманите кои што ги дадовме, навистина човек не може да биде на чисто, не можеме да ги поднесеме. Не знаеме во краен момент каква одлука ќе донесете заради тоа што носите одлуки спротивни на закони, на деловник и на се, така да мора опозицијата да биде спремна во секој момент за понатамошна разработка, затоа што мислиме дека и те како е важно да имаме квалитетни законски решенија. Не такви законски решенија кои ќе ги носиме заради само донесвување, туку да имаат квалитет кои ќе овозможат ефикасност во работата и во нивната примена. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господин Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Благодарам потпретседателе.

Најнапред жалам што колегите што имаат слабост кон камери не се тука за да ги насочуваат, но ќе продолжам и во оваа атмосфера каква што е. Најнапред со оглед на фактот што се вративме на почетно читање, на некој начин и јас сум во нелагодна позиција, бидејќи сакав да дадам само поддршка во свое и во името на пратеничката група на НСДП. Сега би требало да се произнесам и по текстот, што е нова ситуација, па молам да имате разбирање за мене, како што требаше да имаме разбирање и поголема толерантност и за заменик министерот за правда, кој исто така како мене, се најде во една нова ситуација. Како и да е демократијата е пред се процедура, па и процес, во кој заеднички ќе учиме и меѓусебно верувам, ќе се почитуваме.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата. Дозволете како што кажав да ја нагласам целосната поддршка на мојата пратеничка група и мојата лично кон овој Предлог-закон. Станува збор за решавање на едно мошне суштинско прашање, кое фрагментарно сме го отвориле и по повод други закони, а овој пат го третираме покомплексно.

Кога во поранешни прилики и од позицја на други обврски, работевме, и сум работел и самиот на

законите за спречување на корупцијата, како и Законот за пристап до официјални информации или официјални документи, или службени информации, тогаш говоревме дека недостасува уште законот за спречување на конфликт на интереси, за да се заокружи една правна рамка, која ќе го отвори процесот за справување со едно од злата на нашата транзиција-корупцијата. Да не повторувам дека, по ова прашање сме на врвот на Европа и не споредуваат уште со земјите од рогот на Африка.

Бидејќи на многу законски проекти сум работел со “Транспарентност Македонија”, сакам и при оваа прилика, да оддадам признание за невладиниот сектор. Кога го работевме Законот за радиодифузија невладиниот сектор беше носител и координатор, што и тогаш, а и по повод оваа прилика, се покажа како многу корисно.

Не би одел во детали и по одделни членови, но сакам да го свртам вашето внимание кон нагласувањето на личниот пример, како основен предуслов за имплементација на законите и функционирање на системот. Дури и не само по повод прашањето на корупцијата. Ние дури и вчера се судривме по прашањето за деловникот, на пример. Колегата Оровчанец добро ја дефинираше состојбата и не треба да се навраќам посебно. Но очигледно е дека е нарушен дигнитетот на овој дом, односно довербата на народот кон институциите и тука, токму довербата е најтенка кон Собранието на Република Македонија. Тоа не е слуајно. Нашата работа е транспарентна и граѓаните, од прва рака се запознаваат со нашите настапи, ставови, однесувања. Нема да делам лекции но ќе кажам дека за падот на довербата сите сме заслужни, кој повеќе кој помалку, но од одговорноста не можеме да се изземеме, ниту ние од позицијата, ниту пак опозицијата. Оровчанец тоа го дефинираше како ирационално однесување, или одговор на опозицијата за нашето нерационално однесување, јас би рекол и неодговорно однесување.

Ако сакаме тоа да го подигнеме, да ја вратиме довербата, некои велат и најниска доверба од сите досегашни пратенички состави, треба да го направиме пред се, со личниот пример.

Бидејќи сега говориме за конкретен закон, мислам дека тоа ќе го направиме, покрај другото и со личен пример, кога станува збор за судирот на нашиот приватен, со јавниот, односно заедничкиот интерес на заедницата, за што впрочем и сме влегле во овој дом и за што сме ја добиле довербата од граѓните.

Модерно е да се говори за “нлта толеранција” со ризик дека ќе ми земете за грев, јас исто така велам: кога сме во прашање ние пратениците, “нулта толеранција” за нашиот личен интерес и кога се во прашање наши семејни и други блиски, за кои сме се избориле, или сме дозволиле да бидат бирани од нашата власт, во исто време на фунции. Мислам на функции кои бараат да се пополнуваат со одлука на нашата Влада. Тогаш, како ја поддржуваме нашата Влада? Ние со нашиот однос и толерантност кон непотизмот, всушност, ја рушиме нашата Влада. Се едно дали казната ќе биде испорачана предвремено, или навремено на следните избори. Не мислам на парламентарните. Тоа ќе дојде на првото изборно народно соочување: на локалните избори на пример, тогаш кој ми го одзел мојот мандат, како дел од овој дом, и во мое име да толерира, или а модерира непотизам. Дури и со општото девалвирање на Парламентот, нека биде и со јаловите неплодни дискусии и нерационано трошење на времето. Кој и мене ме вовлекува во такват аодговорност, а мислам дека сум еден од најредовните. Прашање е дали сум отсуствувал повеќе од една седница, а за да им го потврдам мандатот на колегите што подоцна влегоа во Парламентот, го прекинав и годишниот одмор. Таков мандат никому не сум дал и ако некој мисли дека го добил, или пак си го приграбил засекогаш, јавно кажувам дека ќе биде разочаран. Едноставно тоа ќе го одземам.

Но да се вратам на темата, иако мислам дека многу не бегам од неа. Имено, конфликт на интерес исто така е да се дојде овде, да се земе плата за тој дена, а ништо да не се сработи. Конфликт на интерес е да се седи овде, да се биде професионален пратеник, а да се опстојува на друго работно место, или позиција што ви носи сеедно, дали пари, или некои други бенификации. Конфликт на интерес е да се седи овде, а паметот да ви е вонекое јавно претпријатие, од каде добивате материјален надоместок за некакви услуги што ги давате. Ние сме овде избрани само да бидеме слуги и да даваме услуги на народот и на никој друг. Најтрагично е со поддршка на некој од нас или некого во Владата, или не знам од каде се добиваат тие бенефиции на застапништва обавување на некоја друга професионална дејност и тн. Повторувам, ние сме избрани само овде да работиме. Се друго е конфликт на интерес или да го цитирам членот 5: “Никој од нас не смее да се раководи од лични, семејни, верски политички и етнички интереси, или пак да се служи со закани, притисоци и ветувања”. Сакам имено, пратеникот да го ставам во центарот на одговорноста, во пратеникот да се фокусира битката на антикорупцијата. Ние да бидеме стожерот на отпорот за спречување на конфликт на интерес.

Ете толку како поддршка на законот. На крајот, и во поглед на транспарентноста, сакам да ги поддржам особено определбите во член 25, каде се вели дека мерките, кои по мене се многу благи и не соодветни на големото општествено зло, да се објавуваат и во Службен весник. Но, исто така и во средствата за јавно информирање. Антикорупциската комисија, како надлежна за спроведување на овој закон, ќе ја има не само мојата поддршка туку и конкретното содејство, за се што има допирни точки и за секого, сеедно, дали ми е од поблиското, па дури и партиско

опкружување, или пак воопшто од општеството. Благоарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика госпоѓа пратеник Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе, се јавив само со едно дополнување и една исправка всушност, на говорот на мојот почитуван сограѓанин и колега Веле Митановски. Ја поддржувам неговата интенција за пример на пратеникот за елиминирање на ова општествено зло, односно преку нашиот пример на елиминирање на судирот на интереси, а со тоа вклучително и корупцијата, бидејќи овие две појави како негативни се секогаш некако врзани една со друга. Сакам да кажам дека ова прашање не е нерегулирано, бидејќи во самиот изборен закон постојат одредби кои што во добра мера го закониле, го ставиле во законска рамка и го спречуваат конфликтот на интереси на пратеникот, бидејќи пратеникот освен вршење професионално на својата функција, не може да врши никаква друга функција, за која би добивал било какви материјални средства. Меѓутоа, со овој закон ценам дека ќе се елиминира и оној мал дел кој останува во можноста на непотизам и тн. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Јас знам дека Законот за пратеници е еден од поголемиот сет на закони за избор, кои спречуваат конфликт на интереси. Меѓутоа, ова што јас зборувам содржано е во членовите. Значи, пратеникот е многу високо рангиран горе, веднаш после претседателот на државата и дипломатската служба. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот, почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Ќе започнам со она што беше кажано како вовед од заменикот министер во неговото експозе, не навлегувајќи дали е плагијат, или не е, не е битно. Битна е суштината на овој закон, а останатото е на товар на самиот заменик министер, кој го брани овде законот.

Значи, беше кажано дека ќе бидат земени предвид сите забелешки, посебно што ова е прва фаза, го вративме законот и ќе имате повеќе време и простор како Министерство да ги разгледате и да постапувате и евентуално, бидејќи рековте дека ќе бидат добредојдени забелешките и сугестиите, да ги вградите, затоа што еден ваков закон, објективно и е потребен на Република Македонија и тоа принципиелно за сите, без разлика кој е на влас, кој е во опозиција. Тој има еднакви аршини и еднакви правила на однесување на сите избрани и именувани функционери, односно службени лица, во поглед на спречувањето на судирот на интереси. Меѓутоа, со оглед на тоа дека до сега веќе законот, до колку не доцневте и до колку не го повлечевте ќе беше во втора фаза. Јас многу не верувам дека навистина, во искреноста на зборовите на претставникот на Владата дека ќе бидат земени предвид забелешките на опозицијата, зашто имавте и до сега можност тоа да го направите а сега со сплет на околности, деловнички, мораше да се врати во прва фаза законот. Значи, зошто прво до сега не сте ги земале предвид забелешките. Имавме дискусии на комисиската расправа, имавме и амандмани.

Затоа, апелирам и ве замолувам навистина, она што го говорите, тоа да го спроведете во праксата, затоа што овој закон е многу сериозен и многу важен. Друга работа е што ме загрижува, имајќи предвид како се однесува оваа власт, токму кон ова прашање, кон судирот на интереси и како воопшто без никакво морално, или на било кој друг начин не се ограничува самата себеси и ги злоупотребува своите позиции, за да поставува на одредени раководни места, кои што имаат голема моќ, свои партиски војници, како сега овој закон, во услови кога постоел, како би се однесувала Владата на ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски. Затоа што, она што се случува сега во реалноста е сосема спротивно на она што се предвидува во овој закон.

Навистина, мислам дека после влегувањето во сила на овој закон, тоа ќе биде еден голем предизвик и голем тест за оваа Влада да се покаже на дело дека не е навистина, само верба во нов заложник за искоренување на ова зло, судирот на интереси. Затоа што, низ многу примери оваа Влада го покажа токму спротивното, дека токму фаворизира свои блиски луѓе, луѓе од доверба, партиски војници, роднини, пријатели по било кој основ, кои се оставени на слични државни позиции. Затоа се надевам дека овој закон нема да биде само една бланкетна норма која ја создава власта, за да не ја почитува, затоа што такви закони имаме многу и во Република Македонија поголем проблем е реализацијата на законите, што исто така е обврска и одговорност на Владата, не е на опозицијата и таа одговорност треба да си ја понесе Владата.

Исто така, не сакам да биде овој закон како бројка за фалење во процесот на борбата против корупцијата на премиерот во Брисел.

Се прашувам, дали оваа Влада знае што ќе ја снајде, до колку навистина реши еднаш на пример, да ги почитува сопствените закони кои ги донесува. Дали знае колку десетици функционери, актуелни, затоа што овој закон и да не важи ретроактивно, со неговото стапување во сила, тој ќе ја опфати, ќе ја санкционира веќе постојната фактичка состојба, оние што веќе се именувани. Тоа многу лесно може да се докаже и да се провери. Иако новите антикорупционери, не се професионалци, сепак, ги немаме Тасева и Маневски да ги извитоперуваат фактите во корист на власта и да ги задскриваат нивните судири на интереси.

На почетокот на овој закон, во членот 7 се говори дека службеното лице не смее на било кој начин да ја искористи својата положба за да влијае врз одлуката на законодавната, извршната или судската власт заради постигнување на лична корист или напредување на блиските лица (непотизам). Сега да не читам понатаму. Го прашувам претставникот на Владата дали непотизмот е веќе за прв пат во Република Македонија дефиниран во овој закон. Дали непотизам значи напредување на блиски лица? Сведоци сме дека во минатиот период за дневно-политички цели непотизмот се злоупотребуваше и погрешно некогаш се употребуваше за дневна политика, се вулгализираше терминот до крајни гранизи за да се подведе под овој термин и што треба и што не треба. Ако имате пристап за да дефинирате што е непотизам треба многу посериозно од овие два збора да ги наведете случаите, затоа што во иднина при примената на законот ќе се судриме со многу паушални, волонтеристички толкувања и многу луѓе, понекогаш и на оправдано ќе бидат етикетирани дека го прекршуваат законот, односно за непотизам.

Инаку, со доаѓањето на новата Власт, зборот "непотизам" изгуби секакво значење. Мислам дека оваа власт непотизмот го сведе на еден ситен или банален прекршок. Сега за оваа Влада многу посоодветен би бил терминот концентрација на моќ, затоа што дефинитивно овде не се работи за напредување, туку се работи за приграбување на моќта и злоупотреба на дневно политички и партиски интереси на поединци или луѓе од врвот на политичките партии на власт. Мислам дека не може под непотизам да подведете секое нормално, на пример вработување, како што се злоупотребуваше за да се етикетираат многу луѓе. Тука се судираме со уставното право на пример на работа. Не може обично вработување само затоа што некој, или вработениот е по било каков основ роднина или пријател со некое службено лице да му се земе за зло и да не смее тој да работи. Ако сакате да бидете прецизни и коегзистентни, дали секое вработување е непотизам, посебно секој егзистенционално вработување за една просечна плата од 250 евра каде што притоа нема никаков ниту судир на интереси, ниту концентрација на моќ, ниту евентуални допирни точки со службеното лице за да се злоупотреби тоа вработување со некои политички или бизнис интереси. Не можете така паушално да изготвувате закон а притоа да немате перцепција како тоа ќе се одрази во праксата и дали и колку луѓе би биле оправдано или неоправдано засегнати со тоа. Морате да бидете внимателни освен ако не сакате само законот да ви помине и да си го броите како реформа. Ако правите реформа мора таа реформа да биде темелна и издржана и навистина да ги земете во предвид забелешките на опозицијата.

Понатаму, се вели дека службеното лице за време на извршувањето на јавната функција не смее да врши никаква приватна дејност за лични цели која би можела да влијае на објективното и независно извршување на функцијата. Во ред, тоа сте го дефинирале така, што правиме кој е тој што објективно ќе дефинира дали е во судир со извршувањето на неговата службена должност и извршувањето на некоја приватна дејност. Значи, кое е објективното мерило, кои се критериумите, во законот ги нема. Или, која е постапката, кои се лицата, институциите што ќе проценат такво нешто. Се плашам дека повторно ќе се сведеме на субјективизмот на оние кои се на власт за да евентуално се пресметаат политички со некои и на тој начин да го дискредитираат. Значи, секој мора да има соодветно право на заштита и на одбрана од необјективни проценки и критериуми.

Понатаму, во некои сегменти овој закон за одредени лица преставува мајка, а за некои маќеа. Имено, ќе дадам и конкретен пример.

Во членот 11 се вели дека службеното лице кое функцијата не ја врши професионално може да врши профитна дејност за лични цели итн, итн. Каде е тука праведноста односно правичниот принцип, истиот аршин за оние лица кои се службени лица, кои ја вршат професионално дејноста или за оние кои ја вршат непрофесионално, едните да можат, другите да не можат да извршуваат приватна дејност за лични цели. Значи, го имате примерот со новата Антикорупциска комисија. Вие кога дојдовте на власт предложивте прво да бидат професионалци новите членови на Антикорупциската комисија за да во последен момент, пред да дојде точката на дневен ред во Собранието, два дена го вративте старото решение да не бидат професионалци. Каде е тука желбата, каде е тука напредокот во борбата против корупцијата, каде е тука интенцијата за непристрасност. Значи, нема сериозна политичка волја кога на ваков начин волонтеристички ги регулирате овие значајни прашања, затоа што не може половина од актуелниот состав на Антикорупциската комисија да извршуваат уште по некоја функција, дали приватна или не знам каква, а притоа тие да предупредуваат и да одредуваат на другите службени лица на пример дали постои судир на интереси. Имавме такви примери и во минатиот состав на Антикорупциската комисија. Сега требаше да одиме чекор понатаму, да ја професионализираме.

Сега овие сегашни актуелни антикорупционери ќе можат согласно овој закон, ваш предлог за судир на интереси да вршат приватна или друга дејност, а оние што се професионалци не можат. Тогаш изедначете ги статусот и критериумите. Значи, ќе повторам законот е за едни мајка, за други маќеа. Со таков пристап немате ефикасна борба против корупцијата и затоа е потребно да направите ревизија односно преиспитување кои се тие категории на службени лица, затоа што сигурно не треба од крајност во крајност да се

оди и да се елиминираат сите можности, но да се направи еден критериум, објективен во законот и да се знае однапред кои се тие службени лица и од каков карактер е нивната работа да можат или да не можат да извршуваат дополнителна приватна дејност, затоа што ќе штети во објективноста на нивната работа. Затоа го споменав не само судирот на интереси, туку овој закон треба да гласи закон против концентрација на моќ, бидејќи тоа е најизразено токму кај оваа Влада.

Понатаму, се вели дека раководителот на институцијата е должен да ги преземе сите неопходни мерки на појавата на судир на интереси. Не е добро кога однапред во законот дефинирате односно презентирате појава на судир на интереси. Законот треба да говори за ситуации претпоставени за евентуален судир на интереси кој треба да биде преку механизмите на законот спречен односно да се санкционира доколку и се случи, а не однапред да тргнувате со готови квалификации. Затоа дикцијата на законот и овде не е добра, тоа е член 12.

Понатаму, многу спорен член, спорен дел од законот е Главата за изземање, тоа е членот 13 кој дава преголеми дискрециони овластувања на оние службени лица на кои им припаѓаат надлежности да водат сметка и да вршат проценка за тоа дали постои судир на интереси или не и кои лица по тој основ треба да бидат изземени, а кои не.

Имено, како што вели законот "Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси тоа веднаш ќе побара изземање". Значи, гледајте сега што се случува. Имаме една општа категорија кога ќе дознае. Тоа може да биде некоја субјектива, непроверена информација, мислам самото дознавање. Врз основа на тоа ќе се посегне веднаш кон изземање. Мислам дека тоа не е добар пристап во законот и не може така лесно да се применува кон таков вид на санкции.

Понатаму, во законот се говори кога е очигледно дека постои судир на интереси, да не го цитирам целиот член, што е тоа очигледно и кој е тој што објективно ќе ја цени очигледноста. Ако е за мене очигледно, можеби за вас не е очигледно. Не може на таков паушален начин со такви општи одредби да пишувате закон.

И она што најмногу недостасува во оваа Глава, во оваа постапка за изземање, нема никаква процедура, нема никакви рокови, нема никаква правна заштита, правна поука, нема никакво право, право на двостепеност, право на жалба, право на приговор. Како ќе го заштитите тоа лице од субјективизмот на неговите претпоставени.

(Реакција на некои пратеници од место)

Што нема смисла колега.

(И понатаму реакција на некои пратеници од место)

Ама, оставете ме, за мене има смисла. Што е ова. Нема смисла. Навистина јас велам дека нема смисла. Станете, јас не ве прекинувам, не ви упаѓам во збор.

Значи, за да постои една таква ситуација да се спроведе постапка за изземање треба да се донесе некаков акт, пред се писмен акт кој ќе содржи образложение, во кој ќе бидат наведени факти и околности и врз основа на кои ќе може да се поведе постапка. Не може едноставно да се егзекутира некој само за тоа што некој дознал и затоа што на некого му е нешто очигледно. Ова не е сериозен закон. Ова не е реформа. Ова е субјективизам и давање на уште поголеми ингеренции и уште поголема моќ на одредени службени лица, а нели се бориме против концентрацијата на моќ.

Понатаму, членот 17 е посебно интересен за актуелната власт, актуелната Влада. Внимавајте што пишува "Службеното лице должно е да одбие понуда доколку му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, должен е да ја одбие таквата понуда и да го утврди идентитетот на понудувачот, а доколку се работи за подарок што не може да биде вратен службеното лице е должно без одлагање тоа да го пријави и да ги наведе сведоците, доколку е тоа можно и да поднесе во рок од 7 дена писмен извештај за настанот итн, итн".

Дали почитувани претставници на Владата го знаете случајот на аферата со Делта Холдинг, со изјавата на Кабинетот на Премиерот на Република Македонија со трите милиони евра и да не појаснувам понатаму. Дали вашиот премиер ќе го подведете под овој закон? Дали тој ќе треба да пишува писмен извештај или да ги наведе сведоците бидејќи ја одбил таквата понуда, или да пријави некого и дали вашиот јавен обвинител, господинот Шврговски што го избравте ќе постапува по службена должност во врска со овој случај. Значи, мислам дека сакајќи да се прикажете како реформатори ова може да ви се удри од глава дека си ја сечете гранката на која седите и буквално да бидете меч со две оштрици за оваа Влада. Или можеби оваа Влада прв пат во историјата на Република Македонија ќе почне да се казнува самата себе за пример. Ако е тоа така ќе почекаме, ќе видиме, ако не еве го законот, тој треба да важи подеднакво за сите и ние ќе реагираме низ институциите. Значи, типичен пример е членот 17 кој како да е измислен за некого со име и со презиме.

Понатаму членов 19 говори во врска со членот 11 и тука е парадоксот што говорев дека има низа ограничувања за лицата кои се професионалци што не можат да прават, а за оние кои не се професионалци се можат да прават. Тие можат да имаат судир на интереси и концентрација на моќ. Тоа е коегзистентноста на законот.

Понатаму, Главите 10 и 11, надлежности на Државната комисија и постапка пред Државната комисија мислам дека, не знам колку е добро избрано решението во овој закон да се мешаат, да се пренесуваат надлежности за постапување

на Државната комисија за спречување на корупција, затоа што ќе се отежни примената, ќе дојде до некои забуни и дуализми затоа што веќе постојат дефинирани надлежности на Комисијата дефинирани во Законот за спречување на корупција. Сега, не знам во преодните одредби пишува дека ќе се бришат одредени членови во Законот за спречување на корупцијата кои се пренесуваат тука. Дали тоа ќе ја искомплицира или ќе ја поедностави постапката не можете сеуште да ме убедите, затоа што мислам дека набрзина ви е ова решение направено и не знам колку ќе биде коегзистентно и колку нема да се мешаат ингеренциите на постапувањето на одредени институции.

Понатаму во Главата 12, видовите на мерки што се преземаат како санкции има една многу интересна мерка, како е дефинирана не знам и што сакате да постигнете со тоа и колку е уставна и законита. За тоа ќе треба да размислите.

На службеното лице може да му се изрече мерка опомена, јавно опомена и внимавајте - јавно објавување на иницијативата за разрешување. Ве молам, иницијативата за разрешување и нејзиното јавно обвинување не може да биде санкција, не може да биде мерка. Иницијативата за разрешување значи дека има сомнеж, непотврден, недокажан сомнеж и затоа говорев за член 13 за постапката, презункцијата која треба да му се даде на оној што е осомничен да се одбрани, да го докаже спротивното. Вие овде го ставате пред свршен чин оној што сте го намерачиле. Значи иницијативата за разрешување јавно да се објави. Ако е иницијатива за разрешување тоа  е почеток на постапката. Може да биде како мерка која јавно ќе се објави, која ќе биде конечна на правосилна или завршена. Во завршена постапка. Не можете иницијатива само затоа што на некој му текнало, дознал нешто согласно член 11 или за некого било очевидно и тоа да го третирате како мерка. Таа иницијатива што ќе ја поведете уште незавршена да ја објавите во јавноста и некого да дискридитирате. Ова ќе биде, има опасност од линчување на угледот на многу луѓе.

На крајот мислам дека она што се однесува во делот на обврската за известување на јавноста за случаите на судир на интереси каде што се вели дека податоците на службеното лице кога тоа не претставува судир на интереси треба да се води сметка да не се објават. Значи, ова е во ред. Вие предвидувате заштитен механизам, меѓутоа сето ова што го говорите претходно паѓа во вода, затоа што немате механизам како тоа да го процените кога претставува, а кога не судир на интереси. Затоа членот 28 е беспредметен доколку не ги корегирате членовите за кои говорев, 13, 19, 11, 7 итн, итн.

Значи, да завршам, нашиот став како опозиција, како СДСМ е дека овој закон е битен, треба да се донесе. Ова е чекор напред во борбата против корупцијата доколку навистина прво ги прифатите сугестиите и забелешките на опозицијата и

Второ доколку сте коегзистентни и доследни, непристрасни во примената на законот, затоа што вие сте Владата. Овој закон не е за СДСМ, не е за опозицијата. Овој закон е за оние што се на власт и кај вас ќе биде топката и начинот на постапување како вие ќе го спроведете овој закон.

Значи, иако дискутираме критички кон овој закон ние ќе го поддржиме. Критички дискутираме затоа што сакаме да помогнеме и да придонесеме за подобар закон. Објективно, како што кажав на почетокот без разлика кој е на власт кој е опозиција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

За реплика се јави госпоѓа Ристана Лалчевска. Повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници.

Вие господине Кондарко на крајот на вашето излагање рековте дека иако имате критички однос кон законот ќе го поддржите. Во ред тоа е ваш став. Меѓутоа, сега јас да ве потсетам, за овој закон и јас и вие бевме во парламентарниот состав кога расправавме за потребата од донесување на Законот и тогаш вие, дали преспавте или не, јас не знам, сте гласале за, без да искажете ниту еден збор критика илибило каква забелешка на текстот.

Сега ќе ве потсетам, овде, од оваа говорница искажавте најмногу дилеми и несогласувања со членот 7 околу дефиницијата на непотизмот. Со членот 11. За вас е многу спорен членот 13, а посебно го истакнавте членот 17.

Овде, сега, јас го имам Предлогот што е доставен сега, што го разгледуваме во прва фаза и Предлогот што го гледавме јас и вие, кога бевме во Парламентот на 20 април. Овие членови колега Кондарко се идентични, од збор до збор. Дали тогаш преспавте да искритизирате лоши решенија, па сега се разбудивте и наеднаш почнавте да ги критизирате, не знам и не навлегувам во тоа, или сега сакате да продавате магла дека решенијата од оваа Влада и ова парламентарно мнозинство и од ова Министерство се многу лоши и дебатни. Па, тие се идентични. Апсолутно идентични. Барем во овие членови што ви ги спомнувам јас.

Најголемиот спор, за што се расправаше минатиот пат кога расправавме по потребата, што ја гласале скоро сите, од присутни 65 пратеници мислам дека 61 или 62 гласале за, а 3 останале воздржани. Најспорно беше укинувањето на 17 членови од Законот за корупција. Поради тоа имаше забелешки дека, ако укинеме толку членови од Законот за корупција, се псотавуваше прашањето за потребата од носење на ваков закон. Вие, тогаш, очигледно преспавте, а сте билеприсутни, бидејки еве, го имам стенограмот, сте гласаел за. Сега ги критикувате решенијата што се

идентични. Барем да ги искритикувавте оние решенија што се прифатени како забелешки од расправата, што беа тогаш изнесени, а се изнесоа одредени забелешки околу укинувањето на тие 17 членови. Сега, со новиот прдлог се укинуваат само 3 членови од Законот за корупција, па критикувате дека непрофесионалната Антикорупциска комисија ќе расправа за судир на интереси, а таа е самата во судир. Па и тогаш беше непрофесионална. Мислам дека не е коректно и не е фер на ваков начин да се критикуваат решенија што еднаш сте ги пдоржале, сте ги преспале да ги критикувате, а сега ги критикувате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Контрра реплика од една минута пратеникот Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Драга и почитувана колешке Ристана Лалчевска,

Јас и тогаш и сега немам проблеми со сонот. Мислам дека вие треба да си го берете вашето гајле, т.е. на вашата Влада и мислам дека, бидејки СДСМ сега не е власт, овој закон се однесува за актуелната Влада, не за СДСМ.

Мислам дека лошо ви е што се ставате во функција на адвокат на ѓаволот т.е. на Владата, затоа што СДСМ нема проблеми со овој закон. Затоа велам, берете си го вашето гајле.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика од три минути има пратеникот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Дали е ѓаволот или е ангелот, времето ќе покаже.

(Реакција)

Не е реплика, така го почнувам моето искажување. Ќе ве молам, пријавете се за збор, ако сакате.

Малку очекував да видиме ваква критика од страна на СДСМ од проста причина што во изминатиот период, кога Владата ја сочинуваа тие, тогашниот вице премиер или сегашниот претседател на нивната политичка партија, за нејзините родители изјави дека е тоа напредок, дека не е непотизам. Овде многу добро се објаснува членот 7 за непотизмот, а многу добро е објаснето и во членот 13, што беше и до сега ако не се лажам, може да се провери во законот, во ставот 1 дека, кога службеното лице ќе дознае за околностите што уживаат на постоењето на судирот на интереси, должно е веднаш да побара изземање. И до сега беше така. Не гледам ништо спорно. Само се допрецизираат работите.

Господинот Кондарко наведе дури некои работи што не важат како конфликт на интереси, ниту пак важат како непотизам за она што се партиски функционери и партиски војници. Па, не знам, во нивната Влада не се случило ниту еден човек од ВМРО-ДПМНЕ или друга политичка партија, сигурно дека ќе бидат, кога се на власт, дека ќе бидат функционерите од партијата и од партиите кои го сочинуваат мнозинството и кои го добиле мандатот.

Би се запрашал тука, што деновиве и најчесто го имаме во медиумите околу ТЕЦ -Неготино. Дали нивните функционери кои беа на ТЕЦ-Неготино, како и нивниот Управен одбор, кој што ја продаде ТЕЦ-Неготино за 4 милиони евра, а денеска се продава со почетна цена од 40 милиони евра, дали не е тоа некој вид, бидејки тој така го крсти, партиски функционери дали не беа тие и дали во иднина тие партиски функционери ќе одговараат. Дали е тоа непотизам, дали е тоа судир на интереси, затоа што народот многу лесно може да го крсти дека тоа се случува и се нарекува кражба во обид. Ќе кажам зошто кражба во обид. Затоа што беше потпишан тендер и државата беше украдена иливредноста на ТЕЦ-Неготино беше намалена за многу, многу пари. Дали тие партиски функционери се во некој тесен интерес или конфликт на интереси, како што го нарече самиот Кондарко со овие партиски функционери и со овие партиски војници. Затоа велам дека член 7 многу добро објаснува што е непотизам и кои се тие лица кои што можат да влијаат и да се наречат дека се во непотизам (оваа Влада барем сега засега нема покажано таков интерес и служи за пример).

**Бесим Догани:** Благодарам господине Грозданов.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе,

Ќе се обидам да бидам многу краток, иако во интерес на јавноста сакам да потсетам да не се збуни, денес сме 13 февруари 2007 година, веќе седми месец ВМРО-ДПМНЕ е на власт и со оваа реторика, митингашка во јуни месец, не сме во јуни 2006 година, ниту пак ова што министерот го читаше, плагијатот, не сме во март 2006 година. Да се вратиме во реалноста, тоа е дека сме 13 февруари 2007 година каде што ВМРО-ДПМНЕ за жал седум месеци ја практицира власта.

Да нема дилеми во јавноста ако некој има интерес да биде донесен што побрзо овој закон тоа е СДСМ и опозицијата и тоа го кажаа сите пратеници, затоа што веднаш 34 функционери ќе бидат разрешени по овој закон, а ќе кажам потоа и по кои членови ќе треба да постапи и премиерот.

Господинот Митановски се обиде да ја спаси бруката на заменикот на министерот, но веројатно заменикот на министерот не дошол со два текста, па врз база на тоа што одлучило Собранието го извади едниот или другиот текст. Но, да се вратиме на она што е денеска тема.

Тоа е дека имаме Предлог на закон кој што во голема мера се разликува од она што беше прва фаза. Очигледно законот нарачан под итно сака да влезе во процедура и тоа јасно се гледа од текстот, некоегзистентноста и повторувањето на многу одредби и нивно преклопување. Очигледно на владиниот пазар, во неделата кога било пазарен ден, кога се тргуваше со термини било

договорено за овој закон многу брзо да дојде во Собранието и затоа е направена една лоша комбилација на различни варијанти на законот. Јас во минатиот состав сум присуствувал на неколку трибини каде што неколку невладини организации биле лидери на носење на ваков закон за судир на интереси и од за мене необјаснети причини првичниот текст е многу видоизменет. Земени се три одредби, три блока практично, сите три иницијативи и затоа овој закон е некоекгзистентен и затоа ние сметаме дека треба да се поработи малку посериозно.

Ваквиот начин апсолутно нема да го регулира, не само што нема да го регулира туку ќе остави многу нејасен правен простор.

Она што е клучно за мене е тоа дека дефинирањето на судирот на интереси е изместен и повеќе во дефиницијата влегува како злоупотреба на службена должност отколку во една превентивна функција што треба да ја има спречувањето на судирот на интереси. Тоа е една работа.

Второ, излегува дека со дефиницијата што е дадена предмет на заштита не е јавниот интерес туку материјалната состојба на функционерот и членовит ена неговото семејство. Значи, целата дефиниција некако постфестум ориентирана и не е во функција на она што треба да биде, а тоа е судирот на интереси.

Госпоѓа Лалчевска тогаш била воздржана, мислела дека не треба да носиме посебен закон, но јас и целата пратеничка група мислиме дека треба да донесеме посебен закон и после Законот за слободен пристап на информации ова е уште еден чекор кон процесите што ни требаат во Република Македонија.

Но, она што сакам да го укажам на предлагачот е тоа дека мора да ги одвоиме реалниот и потенцијалниот судир на интереси од една страна и од друга страна да не се врзуваме само за роднините, туку од приватниот интерес многу често се тоа пријателите или содружниците во компаниите кои што некои ги имаат, па потоа влегуваат на раководни функции и наводно ги замрзнуваат своите активности, но неговата фима цвета. Затоа мора во дефинициите и во текстот да се нагласи интенцијата не само на роднинскиот, туку и на приватниот интерес затоа што тоа не по дефиниција подразбира само родбински врски, туку многу пострашни се за корупцијата во Република Македонија пријателските или партиските врски. Затоа кога реков потенцијалниот и реалниот судир на интереси, зборуваше господинот Кондарко не можете да им забранувате на некои луѓе во својата професија да стигнат до одреден стадиум и можно е да има и родители и деца, едниот адвокат другиот обвинител, или да бидат пријатели обвинител и нешто друго. Но, битно е кога ќе дојде до предмет да преовлада реалниот дел или сега со закон спречувањето на судирот на интереси и да бидат изземени. Значи, ние можеме да ги казнуваме луѓето да напредуваат во своите професии, но треба во даден момент тоа да претставува спречување на судир на интереси. За ваквите небулози дека некој кога имал 5 години неговиот родител се вработил во некоја организација не сакам ни да зборувам. Тоа се митингашки и одамна заминати теми кои не одат во прилог на оваа Македонија. Затоа реков дека очекувам и пред донесувањето на втората фаза Владата да тргне брзо во ефикасна имплементација на членот 6. Треба јавно да каже што ќе почне да се применува со членот 6 каде што не може роднинската поврзаност да има супервизорски карактер. Значи, не може Владата да именува директор сопруг и сопруга кој што треба да го контролира. Нема логика еден човек, макар да биде и супермен, како господинот Виктор Мизо да биде член на Управниот одбор на Агенцијата за инвестиции на Тутунскиот комбинат во Прилеп и плус да биде директор на Инвест Македонија. Тоа како добра волја во подготовката на законот тој треба да го направи. По член 17, очекувам премиерот по службена должност да го пријави настанот кај надлежните полициски органи кои лица сакале да го подмитат, кој бил пазарот што се случувал во тој момент и со член 21, тоа е став 2 дека службеното лице кое членува во Здружение на граѓани, не смее да биде член на органите на управување, ниту да биде на било која раководна функција во Здружението. Значи во подготовките на овој закон, ќе биде добро до колку Владата има проактивна политика и да почне да спроведува тоа што е нејзина интенција, со предлагањето на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Претпоставувам дека Ристана Лалчевска се јави за реплика, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Бидејќи сакаат да ја извртат тезата дека е ова сосема поразличен закон од оној што сме го имале претходно, јас не мислам дека е така, законот е скоро идентичен со прифатените забелешки од првата фаза. Дека тоа е така, јас нема да дебатирам со Јани Макрадули, туку само ќе прочитам по однос на дефинирањето на судирот на интереси. Тој тврди дека потполно е изместен судирот на интереси и дефинирањето, воопшто не е така, туку е сосема идентична дефиницијата и во претходниот Предлог и во овој сега.

Еве, јас ќе го прочитам за да нема недоразбирање.

Судир на интереси подразбира состојба кога личниот интерес на избран или именуван функционер и друго службено лице е во спротивност со јавен интерес или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршење на работата од јавен интерес.

Идентична е дефиницијата и во претходниот Предлог и во овој, значи нема никакво изместување, ниту има некакво ново набрзина

скроено законче, како го дефинираше колегата Макрадули.

Сега би сакала исто така да му прочитам, ако сака, или да го потсетам зошто јас во првата фаза бев воздржана, затоа што во завршните одредби дека ќе се укинат 17 члена од Законот за корупција. Ако од 32 се укинат 17, затоа реков токму поради ова ќе останам воздржана, бидејќи тогаш нема потреба да се носи нов закон, туку да се извршат измени во постојниот, да се прошири тој закон за корупција со судирот на интереси.

Сега, со овој корегиран Предлог, се укинуваат само 3 члена од тој Закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Контра реплика од една минута за пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Бидејќи за една минута не можам двете дефиниции да ги прочитам, што се различни, ќе ги дадам во прилог, ќе цитирам само стенограм што кажала колешката Лалчевска тогаш. Цитирам: “Значи, за потребата од донесување на посебен закон, вака како што е предложен, јас навистина ќе бидам воздржана, бидејќи воопшто не ги расчистив дилемите и покрај појаснувањето на претставникот на Министерството дека ни е потребен посебен закон за судир на интереси”. Тоа била причината што така сметала, сега веројатно ќе гласа за, но што да правиме, тоа е. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ќе имаме време господине потпретседателе?

**Бесим Догани:** Според договорот веќе го надминавме дозволеното време, па би ве замолил да завршите до крај на работното време. Благодарам.

**Цветанка Иванова:** Добро, ви благодарам.

Почитуван господине потпретседателе, господине заменик министер, чувствувам потреба и јас да ги искажам своите мислења и забелешки. Бидејќи се наоѓаме во прва фаза од донесување на овој закон, неспорно е во врска со потребата од донесување на овој закон, да имаме општ консензус, сметам дека сите пратеници во оваа парламентарна сала, во ова Собрание ќе гласаат за донесување на овој закон.

Потребно е да се донесе овој закон особено на нас како опозиција ни е потребен овој закон затоа што на власт се наоѓате вие, а не ние, и судир на интереси и судирање на личниот со јавниот интерес може да се јави кај носителите односно се јавува кај носителите на власт.

Но, зошто баравме да се врати во прва фаза овој закон, да спомнам дека деловничката одредба е сосема јасна, само различно ја толкуваме, според потребите. Зошто овој закон побаравме да се врати во прва фаза, затоа што сметаме дека на еден закон кој има 31 член заедно со завршната одредба, да има 30 амандмани, значи дека треба нешто сериозно да се преработи и добро е што предлагачот прифати да биде во прва фаза. Овој закон ваков како што беше предложен има доста нелогичности, не е конзистентен затоа што, како што кажа и нашиот координатор, бидејќи ние учествувавме на повеќе трибини во јавните расправи кои беа спроведени од невладини организации секако заинтересирани да го поддржат овој процес на донесување на законот. Овој закон е компилација од неколку верзии и затоа има низа недоречености.

Сега ќе се обидам да ги искажам своите забелешки кои, се надевам, ќе бидат вградени подоцна во Предлогот на законот се со цел да имаме еден посериозен односно еден подобар закон кој ќе ги реши барањата кои се испречени пред овој закон. Но, пред да преминамна тоа, сакам да го кажам следното: дека и до сега сме имале одредби во низа закони за судир на интереси и до сега Антикорупциската или Државната комисија за спречување на корупција работела по случаи на судир на интереси, но, за жал, селективно.

Значи, се надевам и очекувам дека овој закон ќе го избрише или ќе го отстрани селективното постапување на Антикорупциската комисија и едно е најважно на Влада која е посветена да се бори против криминалот, а основа за криминал е судирот на интереси, одтаму произлегува криминалот, на Влада која е посветена, која е одредена да се бори против криминалот нема да и треба посебен закон затоа што има законски одредби, ни треба нам, на опозицијата и затоа го поддржуваме овој закон.

Но, факт е дека Владата декларативно се залага за борба против судирот на интереси и корупцијата, ако сакаше до сега и без закон можеше да преземе низа мерки за разрешување на лица кои се наоѓаат на високи позиции, а кај кои има судир на интереси така што не треба да ни биде недонесениот закон изговор дека еве имаме пречка, немаме можност да се бориме ефикасно против корупцијата.

Сега ќе тргнам, колку ми дозволува времето, да ги искажам своите дилеми.

Прво, дека навистина имавме право кога побаравме да се повлече Предлогот на законот говори одредбата од членот 1 каде се дефинира што се уредува со овој закон.

Во членот 1 став 1, вели дека со овој закон се уредуваат мерките за спречување на судирот на интереси, без да се дефинира што е тоа судир на интереси, без да се уреди постапката, да се предвиди дека со овој закон се уредува и постапката, значи не можеме да поминеме понатаму затоа подоцна во Предлог законот треба првиот член, односно првиот став да се дополни дека овој закон уредува односно го дефинира судирот на интереси и ја уредува постапката во случај на судир на интереси.

На големо зборуваме за непотизам, се повикуваме на непотизмот и кога треба и кога не

треба, се повикуваме на судир на интереси, но различно, кога сме на власт се повикуваме на судир на интереси, односно кога сме во опозиција повикуваме и за банални случаи на судир на интереси, а кога сме на власт не ги гледаме најголемиот судир на интереси кога на важни клучни позиции на државата се наоѓаат сопружници односно брачни другари, деца итн, а одлучуваат за многу важни работи во државата. Всушност, одлучуваат за правецот на движење на државата. Да не се дефинира што е непотизам, а непотизмот е извор на судир на интереси, јас мислам дека е недопуштено, затоа во поимникот потребно е да се стави дефиниција што значи непотизам.

Понатаму во членот 3 се дефинираат службените лица кои се службени лица кај кои се јавува судир на интереси, таксативно се набројани, но тука не ги гледам вршителите -лица кои се овластени да вршат јавни овластувања. Тука имаме сериозен случај односно сериозни судири на интереси каде лицата кои имаат јавни овластувања, кои вршат јавни овластувања секако дека тие можат да доведат до судир на интереси и извор на корутивно делување.

Понатаму, при извршување на членот 5-службено лице при извршување на своите должности од јавен интерес да не смее да се раководи од таму наведени таксативно причини, лични, семејни, верски итн, интереси, но и под закана, притисоци на непосредно претпоставениот.

Мислам дека само непосредно претпоставениот не секогаш врши притисок, може да врши притисок лице кое воопшто не е непосредно претпоставен, а има влијание врз службеното лице.

Си поставувам прашање, бидејќи Антикорупциската комисија е надлежен орган да одлучува за постоење или непостоење на судирот на интереси, си поставувам прашање, во услови кога оваа Комисија односно нејзините членови не ја вршат професионално својата функција дали ќе важат сите овие ограничувања за вршење на профитни дејности во услови кога скоро сите членови, без исклучок , на Антикорупциската комисија имаат повеќе професии, вршат повеќе работи, впрочем и при изборот, при давањето на изјавата претседателката на Антикорупциската комисија кажа дека таа има четири професии кои ги врши, но немало судир на интереси.

Очекувам дека со решенијата на овој закон ќе се разреши оваа дилема, како и дилемата како требало премиерот да постапи во оној случај кога му било понудено мито од една српска компанија.

Јас не знам колку имам време, затоа што сум ограничена со дискусијата со оглед на времето, би сакала уште на некои општи забелешки да кажам дека постапката пред Државната комисија треба да се доразработи затоа што нема завршен акт со каков акт ја завршува постапката Антикорупциската комисија во поглед на видовите мерки, а сега такстативно затоа што нема време, а има многу нешта да кажам во поглед на мерките и изрекувањето на мерките. Прв пат се случува да нема механизми за заштита на лицата против кои се изрекуваат овие мерки кога се утврди сомнеж дека има судир на интереси, тоа не смееме да го дозволиме.

Во последната глава-Обврската за известување на јавноста за случаите на судир на интереси воопшто не соодветсвува со насловот затоа што ниту една одредба не се однесува на обврска за известување, а што се однесува до обврската на Државната комисија да може да ја запознае јавноста за конечните податоци од спроведената постапка за утврдување на постоење на судир на интереси, јас мислам дека не треба да се остави можност односно дискреционо право на Комисијата таа да одлучува за кои случаеви ќе ја запознава јавноста или не затоа што, како и досега ќе ни се случува селективен пристап ако Цветанка е од власта, тогаш можеби нема да ја објават, но, ако Јани Макрадули е од опозицијата и за мал судир на интерес, тогаш Антикорупциската комисија може да се случи да го објави случајот.

За да го избегнеме ваквото селективно пристапување на Комисијата и да го оневозможиме дискреционото одлучување, треба задолжително сите случаи на судири на интереси да бидат објавувани во јавноста.

Со оглед на времето јас навистина имам уште многу забелешки, тоа значи дека навистина не сме кочничари, туку сме имале право зошто сме барале да се врати овој закон во прва фаза затоа што изнесовме многу сериозни забелешки по однос на концептот и на содржината, ние сме заинтересирани што побрзо да се донесе овој закон затоа што кај нас не може да се јави судир на интереси, го поддржуваме донесувањето на овој закон, бараме претставникот на предлагачот да ги прифати сите овие забелешки, со тоа ќе бидеме чекор понапред како држава кон интеграциите и секако ќе имаме еден механизам за борба против корупцијата која навистина ја има кај нас и секако дека повеќе треба да обрнеме внимание на имплементацијата.

И досега сме имале одредби во разни сегментарни закони, но се применувале или селективно или не се применувале.

Значи, ќе го донесеме законот како основно оружје, но без негова имплементација, мислам дека нема да ја постигнеме целта. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Тука ја завршувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот по 30-та седница, а по завршување на 30-та седница, продолжуваме со 26-та седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот)